**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

# КОНТРОЛА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР НИЗ ПРИЗМАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ

**- Магистерски труд -**


**Ментор:**

Проф. д-р Оливер Бакрески

**Кандидат:**

Славица Велкова

Бр. на индекс: 4967/12


**Скопје, ноември 2020**

# СОДРЖИНА

**АПСТРАКТ** **4**

**ВОВЕД** **6**

**ДЕЛ I – ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ** **10**

**Глава 1. Методолошка рамка** **10**

1. Предмет на истражување 10

2. Цели на истражувањето 10

3. Задачи на истражувањето 11

4. Хипотези и варијабли на истражувањето 12

5. Методи, техники и инструменти 13

**Глава 2. Современо одредување на безбедносни концепти** **15**

1. Општо за безбедноста 15

2. Безбедност и концептот на националната безбедност 20

2.1. Референтни вредности и интереси 26

2.2. Концепти на безбедноста 31

2.2.1. Безбедност на човекот 33

2.2.2. Национална безбедност 34

2.2.3. Меѓународна безбедност 37

2.2.4. Глобална безбедност 40

3. Современо одредување на националната безбедност 41

4. Загрозување на националната безбедност 43

**Глава 3. Контрола на безбедносниот сектор** **48**

1. Значење на контролата на безбедносниот сектор 48

2. Елементи на демократската цивилна контрола на безбедносниот сектор 51

3. Видови контрола на безбедносниот сектор 53

4. Компоненти на безбедносниот сектор 55

4.1. Армијата како дел од безбедносниот сектор 55

4.2. Полицијата како дел од безбедносниот сектор 57

4.3. Разузнавачките служби како дел од безбедносниот сектор 59

4.4. Контрола на работата на македонската разузнавачко-безбедносна заедница 61

**Дел II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ** **67**

1. Популација и примерок 67

2. Резултати од истражувањето и анализа 72

**ЗАКЛУЧОК** **98**

**БИБЛИОГРАФИЈА** **100**

**ПРИЛОГ – АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК** **105**

**Благодарност** **107**

# АПСТРАКТ

Повеќе од очигледно е дека нашата држава сè уште ја зацврстува својата демократија, па затоа често бара модели на најдобри практики кои истовремено опфаќаат ефективност од една и надзор на граѓанското општество врз безбедносно-разузнавачките служби од друга страна. Меѓутоа, од независноста во 1991 година па сè до денес, земјата се бори да воспостави соодветна рамнотежа во оваа област. Оттука, се поставува прашањето за тоа какви се ставовите на граѓаните, односно колкава е нивната доверба во врска со остварувањето контрола на безбедносниот сектор на Република Северна Македонија.

Целта на магистерскиот труд е да се даде подетален преглед на домашната и странската литература во однос на ставовите (довербата/недовербата) на граѓаните во самиот безбедносен сектор во Република Македонија, или попрецизно во институциите на безбедносниот систем. Имено, безбедноста на граѓаните во одредена средина, а и на државата во целост, која се постигнува преку соодветни дејствија од страна на институциите на безбедносниот систем (БЈБ, АНБ, АР), кои во општеството се имплементирани како безбедносни служби, како и за важноста на истите од криминолошкиот и превенцискиот аспект.

Значењето на истражувањето се согледува во давањето на подетален приказ на безбедносниот сектор, односно на безбедносните служби во Република Северна Македонија, како и подетален осврт на нивната поединечна улога во зачувувањето на безбедноста на државата, а со тоа и на граѓаните.

Целокупното истражување во овој магистерки труд треба да ги открие најбитните фактори кои влијаат врз националната безбедност, како и да даде генерална слика за ставовите на граѓаните во врска со остварувањето контрола на безбедносниот сектор преку разузнавачко-безбедносната заедница во Република Северна Македонија

**Клучни зборови**: безбедност, граѓанско општество, национална безбедност, разузнавачки служби, безбедносен систем.

# ABSTRACT

It is more than obvious that our country still strengthenses its democracy, so it often requires models of best practices that at the same time encompass the effectiveness of one and the oversight of civil society on security-intelligence services on the other. However, from independence in 1991 to the present, the country is struggling to establish an appropriate balance in this area. Hence, the question arises as to the attitude of the citizens, ie their confidence in the exercise of control over the security sector of the Republic of North Macedonia.

The aim of the master thesis is to give a more detailed overview of the domestic and foreign literature in relation to the citizens' beliefs / mistrust in the security sector in the Republic of North Macedonia, or more precisely in the institutions of the security system. Namely, the safety of citizens in a given environment, as well as the state as a whole, achieved through appropriate actions by the security system institutions, which are implemented as security services in the society, as well as the importance of the same from the criminological and preventive aspect.

The significance of the research is perceived in providing a more detailed overview of the security sector, that is, the security services in the Republic of Macedonia, as well as a more detailed overview of their individual role in preserving the security of the state, and thus of the citizens.

The overall research in this master's thesis should reveal the most important factors that influence on national security, as well as, to give a general picture of the citizens' attitudes regarding the realization of security sector control through the intelligence and security community in the Republic of North Macedonia

**Keywords**: security, civil society, national security, intelligence services, security system.

# ВОВЕД

Безбедноста во заедницата станува актуелна тема на јавни, политички и научни дебати, кои сè повеќе ја актуелизираат превенцијата на криминал како прашање на безбедносниот сектор и на казненоправниот систем. Таа ги обединува владините агенции, практичарите, научните работници и граѓаните да работат заедно за да ги подобрат условите кои придонесуваат за безбедноста во заедницата, односно во општеството, бидејќи заканите за безбедноста се сè поприсутни во нашето опкружување.

Ниту едно општество, вклучително и македонското општество, не е отпорно на процесите на распаѓање и редефинирање на општествените вредности на заедништво, солидарност и кохезија на граѓаните и на заедниците. Наспроти тоа, големите градови станаа места за преживување и наместо безбедни места за живеење и движење станаа сиви, материјални светови во кои насилството и криминалот се присутни појави кои го стеснуваат безбедниот простор за движење и творење.

Системот за национална безбедност е насочен кон одржување на стабилноста на земјата со користење на економски, дипломатски, безбедносни и политички средства.

Системот за национална безбедност на една држава претставува способност да се сочува физичкиот и територијалниот интегритет на земјата, да се одржуваат економски односи со другите земји во светот на рационални основи, да се сочуваат институциите и да се отстранат заканите од надвор и од разни видови на криминал, тероризам и да се контролираат границите. Заканите по безбедноста на земјата опфаќаат не само класични непријатели како што можат да бидат некои странски држави, туку тие можат да бидат и недржавни актери, нарко картели, мултинационални компании и невладини организации, како и природни несреќи кои предизвикуват нарушување на околината.

Македонскиот безбедносен сектор, не претрпе некои поголеми и посеризни организациски промени од раните 1990те години од минатиот век па наваму, иако во меѓувреме биле направени неколку измени непосредно по прогласувањето независност во 1991 година и по вооружениот конфликт во 2001 година. Оваа стагнација не кореспондира со постоечките закани и предизвици за македонската национална безбедност кои значително се зголемија во текот на изминатите дваесет години. Во последните документи за одбрана и безбедност како најнови ризици се посочени кибер војувањето, опасностите за животната средина, оружјето за масовно уништување и религиозната радикализација.

Како одговор на ова, македонската држава од неодамна се обидува да пронајде противмерки со кои ќе се доведат во рамнотежа ефективното зачувување на националната безбедност, зголемената одговорност на Владата и почитувањето на демократските норми. Највеојатно, најголемиот предизвик се наметнува со прашањето како да се најде решение за сѐ побројните и поразновидни закани за безбедноста, а истовремено да се обезбеди соодветен надзор, односно соодветна контрола над безбедносно-разузнавачките служби, кои практично ќе бидат и предмет на истражување во магистерскиот труд.

Имено, секој граѓанин има право да се праша дали безбедносниот сектор е доволно оспособен, професионален и неутрален, за да може на секој од нас да му овозможи сигурност (субјективна и објективна), дали самиот тој сектор станал закана по безбедноста на граѓаните доколку е злоупотребен и делува и покрај законот или дошло до преголема концентрација на власта во која се губи поделбата помеѓу извршителите и контролата, односно институциите на безбедносниот сектор, како што се полицијата и безбедносните служби. Исто така, во однос на националната безбедност, демократската контрола на безбедносниот сектор е важна, бидејќи се поставува прашањето дали овој сектор е доволно опремен, дали поседува соодветни услови за работа, дали доволно се инвестира во истиот, за да може тој ефикасно да ги извршува своите задачи, на пример, во случаи на вонредна или воена состојба, па дури и при вонредни ситуации, додека во однос на меѓународната безбедност кога станува збор за демократската контрола, се поставува прашањето за тоа дали надворешните актери нашиот безбедносен сектор го набљудуваат како извор на

стабилност или нестабилност и во колкава мера тој придонесува за зачувување на регионалната и меѓународната безбедност. Овде, важно е да се напомене дека демократската контрола не може да се спроведе исклучувајќи ги процедурите кои се предвидени за тоа.

Имајќи предвид дека предмет на истражување се безбедносно-разузнавачките служби на Република С. Македонија, важно е да се спомене и тоа дека со Законот за внатрешни работи се определени работите на внатрешната безбедност и контра-разузнавањето при што, според овој Закон, под безбедност и контра-разузнавање се подразбираат „работи кои се однесуват на заштитата од шпионажа, тероризам или други активности, насочени кон загрозување или уривање на демократските институции, утврдени со Уставот на Република С. Македонија, со насилни средства, како и на заштитата од потешки форми на организиран криминал“.

Системот на државна безбедност се работи кои се однесуваат за заштита од шпионажа, тероризам или други активности насочени кон загрозување или уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република С. Македонија со насилни средства, како и заштита од потешки форми на организиран криминал.

Заштитата на безбедноста на Република Северна Македонија, односно на нејзините интереси, треба да се оствари со преземање на разузнавачки активности за прибирање и обработка на разузнавачки информации и изработка и доставување на разузнавачки производи за опасностите по безбедноста, одбраната, економските и политичките интереси на земјата.

Разузнавачки активности претставуваат мерките и постапките за обезбедување на разузнавачки и контра-разузнавачки податоци и информации од земјата и од странство заради заштита на Републиката од заканите и опасностите со кои се загрозуваат нејзините безбедносни, одбранбени и други интереси.

Разузнавачки информации од земјата се податоците и информациите кои се обезбедуваат за намерите, дејствата и активностите на поединци, групи или организации во земјата заради загрозување на безбедноста на Републиката.

Разузнавачки информации од странство се податоците и информациите што се обезбедуваат надвор од земјата за можностите, намерите и активностите на странски сили, организации или нивни агенти со цел да се загрози безбедноста на Републиката.

# ДЕЛ I – ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ

## Глава 1. Методолошка рамка

### 1. Предмет на истражување

Како што зборува и самиот наслов на трудот, предмет на истражување во истиот, е работата на безбедносниот сектор, додека пак, основната цел на истражувањето е да се испита чувството на сигурност и квалитетот на животот на граѓаните, односно успехот на безбедносните служби, со посебен акцент на Бирото за јавна безбедност (БЈБ), Агенцијата за национална безбедност (АНБ), Агенцијата за разузнавање (АР), во реализирањето на своите приоритетни задачи, да бидат стожер на безбедноста во државата од сите аспекти.

### 2. Цели на истражувањето

Целта на магистерскиот труд е да се даде подетален преглед на домашната и странската литература во однос на ставовите (довербата/недовербата) на граѓаните во самиот безбедносен сектор во Република Северна Македонија, или попрецизно во институциите на безбедносниот систем.

Имено, безбедноста на граѓаните во одредена средина, а и на државата во целост, која се постигнува преку соодветни дејствија од страна на институциите на безбедносниот систем (БЈБ, АНБ, АР), кои во општеството се имплементирани како безбедносни служби, како и за важноста на истите од криминолошкиот и превенцискиот аспект.

Во овој труд, пред сѐ, истражувањето е насочено кон ставовите на граѓаните во однос на критичката проценка во врска со тоа колку актерите во безбедносно-разузнавачкиот сектор направиле во однос на неговата демократска (и

граѓанска) контрола, како и нивната запознаеност со местото и улогата на безбедносните служби БЈБ, АНБ и АР и довербата која тие ја имаат во истите.

За да се постигне ова, во теоретскиот дел беше идентификувана самата организација на безбедносно-разузнавачките служби, по што следуваше детален приказ на контролата на безбедносниот сектор и неговите главни компоненти, со посебен осврт на разузнавачките служби и контролата на работењето на разузнавачко-безбедносната заедница во Република Северна Македонија.

## 3. Задачи на истражувањето

Во рамките на овој магистерски труд со наслов „Контрола на безбедносниот сектор низ призмата на македонските граѓани", како задачи на истражувањето на кои треба да се даде одговор се наметнуваат следните:

1. Дали граѓаните на Република С. Македонија сметаат дека во нашата држава постојат закани по безбедноста на граѓаните?

2. Дали граѓаните на Република С. Македонија се запознаени со местото и улогата на Бирото за јавна безбедност во безбедносниот сектор на државата?

3. Дали граѓаните на Република С. Македонија се запознаени со местото и улогата на Агенцијата за национална безбедност во безбедносниот сектор на државата?

4. Дали граѓаните на Република С. Македонија се запознаени со местото и улогата на Агенцијата за разузнавање во безбедносниот сектор на државата?

5. Дали граѓаните на Република С. Македонија сметаат дека државата има соодветна контрола врз безбедносниот сектор?

Значењето на истражувањето се согледува во давањето на подетален приказ на безбедносниот сектор, односно на безбедносните служби во Република С. Македонија, како и подетален осврт на нивната поединечна улога во зачувувањето на безбедноста на државата, а со тоа и на граѓаните.

## 4. Хипотези и варијабли на истражувањето

### Основна хипотеза

„Се претпоставува дека ставовите на граѓаните за остварувањето контрола на безбедносниот сектор на Република Северна Македонија преку разузнавачко-безбедносната заедница во државата се позитивни“

### Поединечни хипотези

- ✓ Се претпоставува дека граѓаните на Република С. Македонија сметаат дека во нашата држава не постојат закани по безбедноста на граѓаните или државата и истите се чувствуваат безбедно.
- ✓ Се претпоставува дека граѓаните на Република С. Македонија се доволно запознаени со местото и улогата на Бирото за јавна безбедност во безбедносниот сектор на државата.
- ✓ Се претпоставува дека граѓаните на Република С. Македонија се доволно запознаени со местото и улогата на Управата за безбедност и контраразузнавање во безбедносниот сектор на државата.
- ✓ Се претпоставува дека граѓаните на Република С. Македонија се доволно запознаени со местото и улогата на Агенцијата за разузнавање во безбедносниот сектор на државата.
- ✓ Се претпоставува граѓаните на Република С. Македонија сметаат дека државата има соодветна контрола врз безбедносниот сектор и имаат доверба во истиот.

### Варијабли во истражувањето

Варијаблите во истражувањето се групирани во две групи:

1. Независни варијабли: пол, возраст, образование, етникум, село, град.
2. Зависни варијабли: местото и улогата на БЈБ, АНБ и АР во безбедносниот сектор на државата, закани по безбедноста, контрола врз безбедносниот сектор, доверба во безбедносните служби.

## 5. Методи, техники и инструменти

За ова истражување кое претставува еден комплексен проблем како и реализација на потребите се употребени повеќе техники и инструменти за собирање на податоци кои ќе придонесат успех за истражувањето. За подетално да се анализира комплексноста на проблемот во овој труд е користен методолошки приод кој содржи квантитативна и квалитативна истражувачка стратегија, односно индуктивен и дедуктивен приод бидејќи и самата проблематика бара поголем број на испитаници со различни обележја.

Сите истражувања се дела на фундаментални и применети истражувања. Во трудот, беше искористено применето истражување со кое фокусот беше ставен кон практичните решенија за проблемот. За подетална анализа употребено е акциско-ориентирано истражување. Акциониот пристап има квалитативен карактер поради непосредниот контакт на истражувачот и истражувачката појава. Со акциониот пристап се испитува нивото на доверба, односно ставовите на граѓаните во врска со остварувањето на контролата на безбедносниот сектор во Република С. Македонија. Со самата методологија на ова истражување без опфатени некои методи и техники преку кои може да се дојде до јасни и точни сознанија.

Заклучоците и препораките содржани во трудот, се темелат врз обемно теориско и емпириско истражување. Притоа, користена е неексперименталната каузална метода за утврдување на причинско-последичните односи на манифестираната појава.

Потребните податоци и сознанија за истражуваниот проблем произлезени од теориското истражување, се добиени со користење на техниката - анализа на документација (литература), и тоа преку: проучување релевантна странска и домашна теоретска литература од областа на безбедноста; и анализа на релевантна статистичка документација од областа на контролата на безбедносниот сектор.

Во истражувањето, беше планирано да учествуваат жители на повеќе градови во Република С. Македонија (Скопје, Велес, Тетово, Штип, Струмица и Охрид). Првично, беше планирано во истражувањето да бидат опфатени повеќе од 300 испитаници, преку истражувачката on-line софтверската алатка SurveyMonkey.

SurveyMonkey претставува веб апликација која овозможува дизајнирање на онлајн анкети (анкетни прашалници), да се распространат и да се анализираат податоците од истата.

За потребите на истражувањето е креиран едноставен анкетен прашалник кој се сосоти од два дела. Првиот дел содржи социодемографски податоци, кој вклучува податоци за полот, возраста, образованието на испитаниците и слично. Вториот дел содржи прашања кои се поврзани со предметот и целите на истражувањето, односно прашања со кои се испитуваат следните подрачја: процена на безбедносната состојба во државата, чувството на сигурност, процена на присутност на закани, процена на одговорност на безбедносниот сектор, процена на соовдетно извршување на задачите на безбедносниот сектор, довербата на граѓаните во безбедносниот сектор, информираност за работата на безбедносниот сектор и процената за нивото на контрола на безбедносниот сектор.

Трудот опфаќа толкување на добиените информации од емпириски истражувања кои ја истакнауваат самата методологија на истражувањето и пристапот кој се користи е логичен, концизен и научно базиран.

Во овој магистерски труд, како што беше потенцирано и претходно, е употребена како домашна, така и странска литература на реномирани светски и домашни автори.

# Глава 2. Современо одредување на безбедносни концепти

## 1. Општо за безбедноста

Денес зборот безбедност, во скоро сите јазици и култури, влезе во употреба во голем број на многу различни социјални полиња, како што се политика, здравство, информатика, екологија, спорт, психологија, економија и финансии, архитектура итн. Фактот дека е повеќе претставен на Интернет отколку зборовите бог, мир, војна или политика, најдобро зборува за неговата исклучително голема важност и дистрибуција.

Во политичкиот дискурс, безбедноста зазема посебно, можеби дури и централно место. Оние што одлучуваат во политиката, кога сакаат да ја истакнат егзистенцијалната важност на еден проблем и со тоа да го стават на врвот на агендата, велат дека тој е важен за националната, регионалната или глобалната безбедност. Исто така, во политичките науки, а особено во науката за меѓународните односи, безбедноста е еден од клучните концепти. Во следниот дел од текстот, прво ќе се анализира етимолошкото и историско потекло на зборот безбедност. После тоа, ќе се дискутираат некои постојни дефиниции за безбедноста, како и дискусии за концептот на безбедност.[1]

Зборот безбедност потекнува од предлогот без (непостоење, отсуство) и именката мизерија, беда (голема сиромаштија, ситуација што предизвикува презир, неволја, несреќа, зло) и претставува состојба на оној кој е осигуран од опасност, заштитен, безбеден, безопасен. Покрај зборот безбедност, во некои јазици се користи и зборот сигурност, кој етимолошки потекнува од латинската именка sēcūrĭtas, ātis f. (мир на духот,безгрижност, сигурност, безопасностт) и придавката sēcūrus (без грижа, безгрижност, без страв, кој не се плаши од каква било опасност). Иако во некои јазици овие два збора често се користат како синоними во секојдневна употреба, можно е да се претпостави дека сигурноста

[1] Brüden A. and Heiner Flanggi (eds.), Reform and Reconstruction of the Security Sector, Lit Verlag Munster, 2004.

е поширок поим од безбедноста, бидејќи покрај отсуството на опасност, таа вклучува и сигурност, самодоверба, па дури и лекомисленост.[2]

Зборот безбедност (лат. Sēcūrĭtas, ātis f.) е во употреба уште од првиот век п.н.е од епикурејците, особено од страна на поетот Лукрециј, стоиците и римскиот државник Цицерон, што подразбира филозофска и психолошка состојба на умот, односно субјективно чувство на отсуство на тага и грижа. Бидејќи за нив зборот безбедност, т.е. отсуство на грижа, беше негација, за Римјаните современиот збор несигурност веројатно би звучел како плеоназам.[3]

Од периодот на владеењето на римскиот император Август (1 век н.е.), како и за време на средниот век, поимот безбедност се користел во политичка смисла и се поврзал со поимите за мир (лат. Pax Romana, pax christiana), слободата (лат. libertas) и трајноста, т.е. трајноста на моќта (лат. securitas Augusti). Во римската митологија, персонификација на безбедноста било женското божество Секуритас. Распадот на Римската империја доведе до феудализација на политичкиот живот и децентрализација на моќта во Европа.[4]

Од духовен аспект, највисоката власт го имала црквата, а од политички, тоа настојувало да го постигне Светото Римско Царство. Покрај конфликтите со папството, империјата морала да се справи и со бројни и сè помоќни кралеви и нивните вазали. Реформацијата го доведе во прашање највисокиот духовен авторитет на црквата, кој ја засили безбедносната дилема на сите нивоа, од индивидуа до папството.

Почнувајќи од 16 век, поимот безбедност беше поврзан со јавната безбедност (лат. Securitas publica), што се однесуваше на заштитата на поданиците во мир, како и на поддршката на поданиците на владетелот за време на војната. Религиозните граѓански војни што беснееја во Европа во првата половина на

[2] Blyth M., Risk and Security Management: Protecting People and Sites Worldwide, JohnWiley & Sons Inc., Hoboken, 2008.
[3] Brüden A. and Heiner Flanggi (eds.), Reform and Reconstruction of the Security Sector, Lit Verlag Munster, 2004.
[4] Jane Channa, Security Sector Reform: Issues, Challenges and Prospects, Oxford University Press, Oxford and New York, 2002

17-тиот век, доведоа до идеја дека само суверена држава може да се грижи за безбедноста на поединецот.[5]

Кон крајот на осумдесеттите години од минатиот век, се случија две важни промени, кои доведоа до редефинирање на концептот на безбедност. Прво, тоа беше серија на настани, од кои најважни беа падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година, обединувањето на Германија во 1990 година и распадот на Советскиот сојуз во 1991 година. Овие настани ја кренаа „железната завеса“ од европскиот континент и доведоа до исчезнување на биполарната структура на меѓународните односи.[6]

Идеолошкото, политичкото и военото ривалство помеѓу двете суперсили и нивните блокови исчезна речиси преку ноќ. Со тоа сосема неочекувано и скоро „без истрел“ беше завршена епохата во меѓународните односи, која беше наречена Студена војна. Овој епохален пресврт го втурна во позадина стравот од нуклеарна војна, но и од конвенционалните меѓудржавни вооружени конфликти од поголем обем. Невоените закани, како што се колапс на државите, внатрешните конфликти, тероризмот и организираниот криминал, се најдоа на меѓународната агенда за безбедност.

За разлика од периодот на Студената војна, кога мировниот дискурс го користеа само комунистите и пацифистите од маргините на политичкиот живот, по крајот на Студената војна, овој дискурс сè повеќе го прифаќаа оние што одлучуваат на Запад.

Претходно наведеното, најдобро го илустрира говорот на претседателот Џорџ В. Буш во март 1991 година, кој го спомнал зборот „мир“, најверојатно повеќе пати отколку што тоа било направено во сите минати претседателски говори од Студената војна па наваму.[7]

---

[5] Гоцевски Т., Основи на системот на национална одбрана, Филозофски факултет, Скопје, Скопје, 2006.

[6] Blyth M., Risk and Security Management: Protecting People and Sites Worldwide, John Wiley & Sons Inc., Hoboken, 2008.

[7] Backman B. F., Composite Structures, Safety Management, 2nd ed., Elsevier Ltd., Oxford, 2008.

Друга голема промена, што се рефлектираше во разбирањето на безбедноста како поим, е парадигматската транзиција во општествените науки од позитивизмот во социјалниот конструктивизам. Материјалистичките и рационалистичките основи на кои се темели позитивизмот, филозофска традиција основана од францускиот филозоф и прв социолог Огист Конт во 19 век, биле разнишани.[8]

Основната конструктивистичка претпоставка е дека целата општествена реалност, вклучително и онаа што се однесува на безбедноста, не претставува некаков објективен материјален факт, туку плод на социјалната конструкција, врз кој круцијално влијаат идеите, идентитетите и вредностите на вработените во општеството. За социјалните конструктивисти, материјалноста не е важна сама по себе; она што е важно се значењата што материјалниот свет ги има за луѓето. Затоа, задачата на социјалните научници, како и на истражувачите на меѓународната безбедност е да го разберат начинот на кој овие значења се конструираат, толкуваат и менуваат.

Крајот на Студената војна и промената на парадигмата во општествените науки доведоа до продлабочување и збогатување на концептот на безбедност.

Така, концептот се проширил, од чисто воена димензија, во други димензии на општеството, како што се политиката, екологијата, економијата, итн.

Постојат многу дефиниции за безбедноста. Затоа, некои автори го карактеризираат овој термин како „суштински контроверзен концепт“. Во своето основно и најопшто значење, поимот безбедност претставува „тенденција кон отсуство на закани“. Според Едвард Колоџеј, безбедноста може да се дефинира како посебен облик на политика, што се јавува кога актерите се подготвени да се заканат или да употребат сила за да го постигнат посакуваниот исход. Иако го ограничува овој поим на закана, т.е. на употреба на сила меѓу општествените чинители, оваа дефиниција е исклучително корисна, бидејќи таа ја третира безбедноста како форма на политички односи.[9]

---

[8] Dragišić Z., Bezbednosni menadžment, Službeni glasnik i Univerzitet u BeograduFakultet bezbednosti, Beograd, 2007.
[9] Backman B. F., Composite Structures, Safety Management, 2nd ed., Elsevier Ltd.,Oxford, 2008.

Интересна е и дефиницијата на Арнолд Волферс, според која „безбедноста, во објективна смисла, го мери отсуството на закани од усвоените вредности, додека во субјективна смисла претставува отсуство на страв дека дадените вредности ќе бидат загрозени“.[10]

Дефиницијата на Волферс е важна затоа што истакнува две подеднакво важни димензии на безбедност, субјективна и објективна. Општо е познато дека, и за поединците и за социјалните групи, отсуството на страв може да биде подеднакво значајно, ако не и позначајно, отколку „објективното“ отсуство на закани.

Покрај објективната и субјективната дефиниција за безбедноста, постои и трето меѓусубјективно разбирање на овој поим. Според ова разбирање, безбедноста не е ниту објективна, ниту субјективна, туку интерсубјективна, односно дискурзивна конструкција. Со други зборови, безбедноста е, според ова разбирање, вербален акт со кој претставници на државата или некои други органи прогласуваат состојба на закана и врз основа на тоа добиваат легитимитет да преземат мерки што инаку не би биле легитимни.[11]

Меѓутоа, за да може еден поим да прерасне во концепт на политички науки, тој мора да има одредена логичка структура и да биде јасно одделен од другите сродни концепти. Поради различните политички употреби, но и поради злоупотребата на овој термин, како и поради честата конфузија околу неговото значење, многу автори се согласиле дека концептот за безбедност е нејасен, занемарен, недоволно објаснет, еластичен, па дури и суштински контроверзен концепт, кој во толкава мера е вредносно оптеретен што е скоро невозможно да се постигне консензус за едно општо прифатено значење.

За безбедноста и за концептот на националната безбдност ќе стане збор во продолжение на трудот.

---

[10] Gustin J. F., Safety Management: A Guide for Facility Managers, 2nd ed., The Fairmont Press, Inc., Lilbum, 2008.
[11] Саздовска. М. М. и Дујовски Н., Безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност, Скопје, 2009

## 2. Безбедност и концептот на националната безбедност

Од своето настанување, човекот самиот себе, си обезбедувал услови за опстанок (преживување и продолжување на видот), во често крајно сурови околности. Задоволувајќи го нагонот за самоодржување, на почетокот инстинктивно (биолошка програмираност на единките), а подоцна и рационално, човекот морало да стекне и развива одредени вештине, да здружува напори со другите, но почнал и да се однесува на начин на кој што го загрозува опстанокот на другите.[12]

Значи, потрагата по безбедност потекува од инстинктот (нагонот) кој е биолошка категорија, станал свесна психолошко-материјална појава, односно поединечна и колективна работа, функција, организирана дејност, професија. Потрагата по безбедноста е континуиран и бесконечен процес, а безбедноста е спознајна појава, неспорна и универзална потреба. Тоа е цел кон која тежнее човекот, а во метафизичка смисла – и растителниот и животинскиот свет.

Етимолошки, зборот „безбедност“ е сложеница од зборот без и бедност – бедно. Без подразбира отсуство, односно негација на феноменот кој се обележува со делот од сложените зборови кои следат. Коренот на другиот дел од сложеницата е „беда“, со што в нашиот јазик, во најопшта смисла на зборот се означува сиромаштијата, оскудацијата, болеста, пропаст, пораз, штета, тага, немоќ, безнадежност, онеспособеност, војна, ропство, насилство, зло, страв и слично.

Значи, со „негација на негацијата“, може да се заклучи дека безбендоста подразбира опстанок, развој, здравје, ситост, победа, остварување на цилите, среќа, мир, слобода, правда, морал, култура, неповредливост, доминација, владеење со ситуацијата (само)доверба, отсуство на страв – сигурност, односно отсуство на опасностите кои го доведуваат во прашање нивното оствраување и постоење - безопасност.[13]

---

[12] Бакрески, О., Милошевиќ, М., Современи безбедносни системи, Скопје Ауторпинт Т.А., 2010, стр. 33

[13] Douglas T. Stuart, Creating the National Security State: A History of the Law That Transformed America, 2012, стр. 43

Исто така, безбендоста може да се смета и како процес, а пред сè, посакуван производ на тој процес – состојба. Да се биде безбеден значи да се биде заштитен од влијание на несакани појави, а да се чувствува заштитено (безбедно, без страв) во предвидлив и контролиран амбиент. Безбедноста е резултанта на односот – балансот помеѓу стварните и потенцијалните загрозености на референтните вредности и интереси и постоечките капацитети (човечки, материјални, организациски и функционални) кои ги штитат и бранат. Апсолутната безбедност е идеална категорија. Зборот безбедност е симбиоза на безопасноста (отсуство на закани) и сигурноста (отстуство на страв) во однос на одредени вредности и интереси.

Многу теоретичари на безбедноста ја застапуваат тезата според која безбедноста е всушност производ на заштитата и одбраната на референтните вредности, искажувајќи ја притоа формулата заштита+одбрана=безбедност.[14]

Од аспект на националната безбедност, важно е да се спомене дека безбедноста традиционално се одредува како „состојба, функција, организација и систем, односно како сето тоа заедно". Одредувањето на безбедноста како посебна вредност и интерес е надминато.[15]

Како состојба, безбедноста е објективно отсуство на опасност по референтните вредности и интереси, но и присуство на услови за нивно непречено постигнување, развој и уживање. значи тоа е безопасност и поволен (оптимален) квалитативен статус на референтни вредности и интереси. Најчесто (но и не мора да биде) резултат на функцијата, организацијата и системите за безбедност. Идеална состојба на заштитеност и остварливост на вредностите и интересите е невозможно, што не ја исклучува потребата за непрекинато залагање кон негово достигнување. Меѓутоа, не смее да се заборави дека безбедноста не е доволно отсуство на опасност, туку и присуство на чувство на сигурност.[16]

[14] Исто, стр. 43-44
[15] Исто, стр. 44
[16] Butorac, K., Solomun, D., Utemeljenost suvremene policijske znanosti i njen doprinos policijskoj praksi. Policija i sigurnost, 22(1), 2013, стр. 131-155

Како функција, безбедноста е активност, делување, дејност, процес, односно однесување насочено кон постигнувањето, заштитата и унапредувањето на референтните вредности и интереси, односно кон постигнувањето на состојба на предвидливост и контрола над појавите и процесите кои се насочени кон референтните вредности и интереси на сметка на неизвесноста и непосакуваните случувања. Тоа е легитимна и легална (само)заштитна мисија на поединецот, општеството, државата и меѓународната заедница, базирана на нивните лични потреби за опстанок и развој. Важни компоненти на функцијата на безбедноста се безбедносните цели, безбедносното делување и ефектите од дејствата, а нејзината филозофија е поставување на конкретни вредности и интереси како цели кои се достигнуваат со одредено однесување.[17]

Безбедноста е и организација, односно организиран субјект кој организирано ги штити извесните вредности и интереси, и организирано се спротивставува на појавите кои се сметаат како загрозувачки.

Тоа е колективно, синхронизирано делување на повеќем поединци и групи, со вертикална и хоризонтална структура, поделба на надлежностите, работите и задачите, формирана за според однапред дефинирани правила да остварува одредени цели. Во фокусот на организацијата е човекот, односно луѓето кои извршуваат одредени активности. Има одредена структура, како релативно постојан однос помеѓу елементите на целината, односно поредок кој е најсоодветен за достигнување на нејзините цели. Се карактеризира и со колективната свест за заеднички вредности и интереси кои заеднички се штитат, а која е детерминирана со одредени (непишани и пишани; неправни, правни и етички) правила на однесување. Може да биде државна, меѓудржавна и недржавна (приватна – национална и интернационална).[18]

На крај, безбедноста претставува и систем, хармонична целина способна самостојно да функционира во одредено временско и просторно окружување, составена од повеќе хоризонтално, вертикално и дијагонално поврзани подцелини (подсистеми и микросистеми – организации на безбедноста), кои вршат контрола на дејноста (функции на безбедноста), чија збирна резултантна

[17] Исто, стр. 131-155
[18] Велкова Т., Безбедносна култура и воспитување, Воспитание, списание за теорија и практика на Педагошкиот факултет “ Гоце Делчев “ Штип, год.втора, бр.3, Штип, 2002, стр. 8

има за цел непречено достигнување, уживање и сеопфатна заштитеност на вредностите и интересите од загрозување (состојба на безбедноста).[19]

Или, со други зборови, безбедносниот систем е усогласено делување на повеќе организации на безбендоста кои синхронизирано извршуваат специфични (под)функции на безбедноста, што резултира со одредена извесна состојба на безбедноста, односно безбедносна состојба.

Иако во одредена мера се потпира на знаења и достигнувања на другите науки, националната безбедност со примена на одредена методологија на научно истражување и користење на единствен поимовно-категоријален апарат ги изучува законитостите во достигнувањето, унапредувањето и заштитата на виталните општествени и државни вредности и интереси. Единствениот предмет, методи, јазик и теорија, ја направиле националната безбедност самостојна научна дисциплина.

Во поширока смисла, предмет на националната безбедност е безбедноста на општеството и на државата, односно остварувањето, одржувањето, унапредувањето и заштитата на нивните витални вредности и интереси од различни загрозувања кои доаѓаат однадвор или настануваат внатре во нив.[20]

Во потесна смисла, тоа се изворите, облиците, носителите и последиците од загрозувањето на референтните вредности на општеството и државата, понатаму, функциите, организацијата и системот со кои државата и општеството ги штитат вредностите на поединецот, општеството, државата и меѓународната заедница, како и механизмите за партиципирање на националните кадровски, нормативни, организациски и функционални ресурси во меѓународната и глобалната безбедност.[21]

Иако вака поставените предмет и теорија на националната безбедност се оригинални и својствени исклучително за оваа, а во одредена мера и за неколку сродни наставно-научни дисциплини (основи на безбедноста, безбедносни системи, теорија и систем на безбедноста), мора да се признае дека одредени

---

[19] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 113

[20] Брогден Мајк, Преети Нијхар, Полициско работење во заедницата, национални и меѓународни модели и пристапи, Раутлеџ, 2013, стр. 82

[21] Бакрески, О., Милошевиќ, М., Современи безбедносни системи, Скопје Ауторпинт Т.А., 2010, стр. 39

научни знаења, теоретски претпоставки и методолошко-истражувачки компоненти се превземени и прилагодени од споменатите науки и дисциплини од кои постепено се развивала. Тоа, на националната безбедност ѝ дава карактер на мултидисциплинарност и интердисциплинарност и ја потврдува неопходноста од мултисекторски пристап во истражувањето и унапредувањето на безбедноста.[22]

Понатаму, теоријата за националната безбедност може да се набљудува и како основен конституенс на научната дисциплина и како збир на знаења во рамките на пошироката научна концепција или аспекти на одреден дел од безбедносната стварност.

Од првиот аспект, теоријата за национална безбедност е воопштен, едностевн, синтетизиран, објаснувачки, информативен, проверлив, променлив и применлив систем на знаења и заклучоци кои се добиени со примена на логични операции, со проверка на хипотези и емпириски генерализации. Со нив се објаснуваат развојните и релационите законитости кои владеат помеѓу фактите, појавите и процесите кои позитивно или негативно влијаат на заштитените општествени и државни вредности и интереси, се насочува и развива безбедносната пракса и се овозможува согледување и предвидување на безбедносните појави.

Доколку се набљудува од другиот аспект, теоријата за национална безбедност подразбира цело учење или делови научење (заклучоци и тврдења) на одредени истражувачки насоки и школи. Тоа учење не мора генерално да се однесува на националната безбедност, туку на некои нејзини делови, во контекст на доминантниот предмет на интерес на истражувачката насока.[23]

Значењето на теоријата за национална безбедност е научно, поради континуираниот развој на фондот на научни знаења од областа на безбедноста и практично, поради изнаоѓање на модел за решавање на конкретни безбедносни проблеми, унапредувања на безбедносната пракса и достигнувања на оптимална безбедносна состојба. Нивната поврзаност е педагошкото

[22] Брогден Мајк и Преети Нијхар, Полициско работење во заедницата, национални и меѓународни модели и пристапи, Раутлеџ, 2013, стр. 85
[23] Bose S., Bosnia after Dayton. Nationalist Partition and International Intervention London: Hurst & Co., 2002, стр. 90

значење, кое се согледува во едукацијата на идните и актуелните припадници на безбедносните системи за да можат со примена на теоријата да решаваат конкретни проблеми и да ја унапредуваат безбедносната пракса, да ги препраќаат повратните информации со кои се унапредува теоријата, но и во едукација на граѓаните за развивање на нивната безбедносна култура.[24]

Јазикот, односно поимовно-категоријалниот апарат за националната безбедност го сочинуваат книжевниот јазик, стручниот јазик и поимите од јазиците на споменатите комплементарни дисциплини.

Иако не е во потполност „заокружен“, т.н. специфициран-стручниот јазик на националната безбедност е исклучително развиен и својствен во оваа дисциплина. Покрај тоа, областа на безбедноста е многу динамична, па и јазикот на националната безбедност го карактеризира постојана појава на нови и „хибридни“ (модифицирање на постоечките или комбинирање на постоечките) поими, како и континуираната потреба за ревизија и дополнување.[25]

Стандардите за поимовно-категориajлниот апарат се црпат од меѓународното право, националните законодавства, домашните и странските научни и стручни трудови, од праксата во безбедносниот сектор и од одредени лексикони (речници, поимници) за безбедноста.

На крај, во теоријата и праксата на националната безбедност се спроведуваат одредени научни истражувања. Во истражувањата на безбедносните појави се користат општите истражувачки методи, пред сѐ, општите логички операции на расудување и заклучување (индукција, дедукција, анализа, синтеза, аналогија, генерализација), како и принципите на формалната логика (идентитетски принципи, непротивречности, исклучување на трето, доволна причина) за да се дојде до одредени научни описи (дескрипции), научни класификации (типологизација), научни објаснувања (експланација), научни закони, научни откритија и евентуални научни предвидувања.

[24] Solana Javier, A Secure Europe in a better world, European Security strategy, European Council, Brussels, 2003, стр. 49
[25] Бакрески, О., Милошевиќ, М., Современи безбедносни системи, Скопје Аутoрпинт Т.А., 2010, стр. 43

Понатаму, се користат научни методи пред сѐ, од општествените науки, бидејќи поголемиот дел од безбедносните феномени се составени од општствени појави. Во помала мера се користат и методите на природните и техничко-технолошките науки, кога треба да се истражат безбедносните појави кои се од таква природа.

Во тој контекст, најсоодветни се следните методи: увид во постоечките пишани извори (анализа на содржината), секундарна анализа на податоците (статистичка метода), набљудување (со и без учествување), испитување (интервјуирање, анкетирање, тестирање); студија на случај („живи“, минати и повеќенасочни случаи), експеримент, компаративен метод (историско-компаративен и просторно-компаративен метод) и т.н.[26]

### 2.1. Референтни вредности и интереси

Вредностите се идеални својства на одредени предмети, општествени појави, процеси, состојби и содржини на свеста кои луѓето (поединечно или колективно) им ги придодаваат, а кое нешто ги прави посакувани, бидејќи им овозможуваат задоволување на потребите, го подобруваат животот, односно уживаат во нив.

Со достигнувањето и уживањето во вредностите се тежнее, иако некои од нив често не можат да се достигнат или не се прифаќаат и се отфрлаат. Вредностите може да бидат материјални и духовни. Релативно се трајни и динамични, условени со историски, културолошки, религиски, идеолошки, географски, временски и други критериуми, поради што и се разликуваат помеѓу државите и општествените групи (системски вредности).

Меѓутоа, и покрај очигледниот плуралитет и различностите, може да се зборува за некои универзални вредности, кои се својствени за поголемиот дел од човештвото. Вредностите кои имаат релативно трајно и големо значење за човекот како поединец или колектив, се нарекуваат општествени. Витална е

[26] Douglas T. Stuart, Creating the National Security State: A History of the Law That Transformed America, 2012, стр. 101

општествената вредност која е од пресудно значење за опстанокот и развојот на одредени референтни објекти на безбедноста.[27]

Општествените вредности и интереси кои се својствени за одредени објекти за безбедност, односно нивоа на анализа на безбедноста (поединец, општествени групи и општество, државата, меѓународната заедница, човештвото и планетата) се нарекуваат референтни вредности и интереси. Затоа можат и условно да се поделат на индивидуални, општествени, државни и национални, меѓународни и глобални – човечки вредности.

Индивидуалните вредности се поврзуваат со непреченоста во задоволувањето на основните животни и биолошки потреби, можноста за обезбедување на услови и средства за живот, неприкосновеност на менталниот и физичкиот интегритет, достоинството и личниот имот, и слободното манифестирање на волјата, духот и самоафирмација на поединецот.

Вреднсотите на поединецот, генерално се искажуваат преку концептот на човековите права. Станува збор за минимум општи претпоставки кои треба да се исполнат за на секое човечко суштество му се обезбеди личната безбедност. Имајќи предвид дека човековите права се во тесна врска со опстанокот, односно со животот и со квалитетот на живеењето, безбедноста на човекот би можела да се одреди и како заштитеност од загрозување на неговите човекови права и слободи.

Вредностите на колективот (групата) се својствени за одредени општествени групи, односно малцинства како што се националните групи и малцинства, бегалци, интерно раселени лица, лица со инвалидитет, родови, полови, професионални, сексуални и други малцинства. Секоја група има свои специфични вредности, кои, генерално и збирно, се нарекуваат идентитет.

Со операционализација на идентитетот, се доаѓа до конкретни вредности, како што се јазикот, културата, религијата, верските обреди, народните обичаи и верувања, формите на здружување по етнички, расен, полов, родов, сексуален, политички или географски критериум и други, според кои се разликуваат од другите колективи. Затоа, нејзините припадници (поединечно или колективно)

[27] Doležal, D., Razumijevanje straha od kriminaliteta. Hrvatska revija za rehabilitacijska istraživanja, 45, 2009, стр. 1-14.

неретко стануваат мета на различни загрозувања од страна на носителот на другите идентитети.[28]

Националните вредности се од значење за целокупното општество и државата. Во најширока смисла, може да се изедначат со нивната безбедност. Потесно набљудувано, тие се: опстанокот на државата и нацијата, пред сѐ, одржување на нивните конститутивни елементи и битија; мирот, слободата, човековите права, социјалната благосостојба и квалитетот на животот на народот и нацијата; уставен и правен поредок на државите и вледеење на правото; економскиот и енергетискиот систем и информациските ресурси; политичката стабилност, односно легалната и легитимната власт и единството на нацијата од аспект на националните вредности и интереси; територијалниот интегритет според кој сите административни области во државата функционираат како целина; суверентитетот со кој државата на својата територија непречено го уредува внатрешниот поредок и врши законодавна, извршна и судска власт и независно учествува во меѓународните односи; националното достоинство и гордост, односно честа и угледот кои државата ги црпи од својата историја, традиција и меѓународното право, но и националната толеранција кон угледот, вредностите и интересите на другите држави; националниот идентитет, односно посебностите по кои државите и нациите меѓусебно се разликуваат; здравата животна средина, како и други останати вредности.[29]

Меѓународните вредности се својствени за меѓународниот систем и поредок. Ги прокламираат државите во рамките на меѓународната заедница, односно преку меѓународните организации и сојузите на државите. Индивидуалните, групните и националните вредности воедно се и вредности на меѓународната заедница, бидејќи таа го гарантира меѓународното право и интервенира доколку се загрозени.

[28] Велкова Т., Безбедносна култура и воспитување, Воспитание, списание за теорија и практика на Педагошкиот факултет “ Гоце Делчев “ Штип, год.втора, бр.3, Штип, 2002, стр. 9
[29] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 65

Најзначани меѓународни вредности се:[30] меѓународниот мир и безбедност, односно опстанокот на човештвото; меѓународното пријателство, односно искрената соработка и пријателските меѓудржавни и меѓунационални политички, економски, културни, социјални, хуманитарни, воени и други односи; искрена меѓународна помош на загрозените држави и народи; меѓудржавна и меѓунационална толеранција и уважување, односно почитување на различитостите, правате, честа, угледот, достојанството и останатите вредности на другите; меѓународното право, стандардите и принципите со кои се дефинирани вредностите на поединците, државата и меѓународната заедница и начините за нивно зачувување и унапредување; меѓународната правда, со која меѓународниот правен поредок се штити од било какво и било колкаво загрозување, со што се гарантира остварување на меѓународните и останатите вредности; меѓународниот поредок, заснован на системот на наведените вредности и други.

На крај, како глобални (човечки, планетарни) вредности, покрај наведените, може да се издвојат уште и: опстанокот на човековиот вид, демографската стабилност и подмалдување на човештвото; квалитетот на живеењето и здравјето на светското население, кое сè повеќе е загрозено од недостаток на храна и вода и од новите болести (сида, птичји грип, антракс, SARS, свињски грип); здрава животна средина и нови (обновливи) извори на енергија; безбедност на космичкото пространство, пред сè од нерационалното користења, злоупотреба за воени цели и загадување; стабилна и прогресивна светска економија, заснована на недискриминација, неексплоатација и рамномерна географска застапеност и развиеност; контролираност на ширење на оружјето за масовно уништување и појава со која масовно се загрозува безбедноста на луѓето (НХБ тероризам); глобалната безбедносна култура и етика се засновани на компромисно дефинирани универзални вредности, на мирољубива коегзистенција и толеранција и други.

[30] Butorac, K., Solomun, D., Utemeljenost suvremene policijske znanosti i njen doprinos policijskoj praksi. Policija i sigurnost, 22(1), 2013, стр. 131-155

Интересот се наоѓа во центарот на набљудување на поединецот, на опшетствените групи, но и за анстанувањето, природата и функцијата на државата. Латинскиот корен на овој збор (interesum, intrese) значи да се учествува во нешто, да се биде заинтересиран за нешто. Модерното, проширено поимање на интересите опфаќа категории како што се вредностите, ставовите, очекувањата и тежнеењата; зборот интерес е мотивационен фактор, регулатор на поединечното и колективното однесување, синоним за потреба и тесно е поврзан со вредностите. Во одредувањето на интересите треба да се појде од потребите и целта на оној за чии интереси се расправа. Од преовладувачката свест, системите и идеите, зависи и дефинирањето на интересите и приоритетите во нивното достигнување; истовремено, интересите го поттикнуваат општественото однесување, но и повратно го редефинираат системот на вредности и идеи.[31]

Значи, интересите се рефлексија на проектираните потреби за постигнување, уважување, заштита и унапредување на одредени вредности, кои ги детерминираат и во чија функција се наоѓаат. Генерално, интересот е настојување кон достигнување и остварување на конкретни цели, планови, идеи, кои раѓаат нови интереси. Зачувувањето и унапредувањето на виталните вредности е еден од доминантните интереси на секој референтен објект на безбедност. Меѓутоа, листата на интереси е често пати многу поширока.

Односот на националните вредности и интереси е каузален, но не е секогаш двонасочен. Начелно, интересите на земјите може да бидат загрозени, а истовремено да не се загрозени нејзините витални вредности и обратно. Истовремено, субјектите прават хиерархија на приоритетите и на значењето на личните интереси. На крај, неретко се случува поединци или интересни групи, личните интереси да ги претставуваат како општи.

Општествените вредности и интереси ги одржуваат групите, општеството и државата во целина, ги прават постабилни, покомпактни и го насочуваат нивното делување кон заеднички напредок. Посакуваните вредности и интереси можат да бидат силен фактор за промени. Исто така, со текот на времето доаѓа до реконцептуализација на вредностите на системот, па

[31] Велкова Т., Безбедносна култура и воспитување, Воспитание, списание за теорија и практика на Педагошкиот факултет " Гоце Делчев " Штип, год.втора, бр.3, Штип, 2002, стр. 9-10

определени вредности се отфрлаат, менуваат или се прифаќаат нови, односно се манува хиерархијата на интересите. На крај, националните интереси често пати се проекција на владеачките општествени групи, односно се носители на политичката власт, што секогаш не се заеднички со општите интереси на народот.[32]

## 2.2. Концепти на безбедноста

Настојувањата безбедноста да се дефинира универзално, како „отсуство на закани по стекнатите вредности, односно отсуство на страв дека тие вреднсоти можат да бидат нападнати", наметнуваат одредени дилеми: чии врадности може да бидат загрозени; кои се тие вредности; кој би можело да ги нападне; чив страв треба да се земе предвид; какод а се направи разлика помеѓу искрен и лажен страв и дали отсуството на закани и/или страв треба да се разбере во апсолутна или во релативна смисла?[33]

Истовремено, безбедноста е динамична, па се менуваат и концепциските определувања од аспект на вредноста, опасностите кои се закануваат, како и субјектите, начините и средствата за нивна заштита. Затоа се развиени концепти (нивоа за анализа) на безбедноста, односно теоретски и практични модели за заштита на поединечните категории на референтни вредности и интереси.

Прашањето за точна дефиниција и создавање на еден „суштински потврден концепт" на безбедноста е неиздржано. Попрво би можело да се зборува за теоретските конструкции кои се помалку или повеќе корисни или релевантни, но кои не можат да бидат ниту целосно точни, ниту целосно неточни. Воедно, невозможно е да се набљудуваат одредени нивоа на безбедноста независно од другите, бидејќи истите се меѓувлијателни и меѓузависни.

---

[32] Клековски, С., Кржаловски, А., Саздовска, С. Јаковлеска, Г., Довербата во граѓанското опшество, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2008, стр. 78

[33] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 67

Генерално, помот за безбедноста, може да се дефинира и преку давање на одговори на наведените прашања и со нивно концентрирање во одредени логички заокружени мисловни целини, односно концепти. Пред сè, станува збор за прашањата кои се однесуваат за:[34]

- ✓ Чија безбедност, со што се идентификуваат т.н. референтни објекти на безбедност (поединец, општествени групи, држава, меѓународен систем, човештвото со планетата);
- ✓ Безбедност на што, со што се укажува на вредности и интересите на референтните објекти кои се предмет на заштита поради нивните потенцијални или реални загрозености;
- ✓ Безбедност од кого/од што, со што се идентификуваат изворите, носителите и облиците на загрозување на вредностите на референтните објекти, кои може да бидат од природно, човечко и од техничко-технолошко потекло. Начелно, истите вредности можат да бидат загрозени од различни појави, и обратно: еден тип на појави најчесто загрозува повеќе различни вредности на еден или повеќе референтни објекти;
- ✓ Кој дава безбедност, со што се укажува на субјектите на безбедноста со кои се штитат вредностите и интересите на референтните објекти; и
- ✓ На кој начин се дава/остварува безбедноста, со што се идентификуваат начелните методологии (методи, средства, дејности) на заштита на референтните вредности и интереси.

Логично е, во средиштето на безбедноста да биде човекот како поединец и колективот, државата, меѓународната заедница и човештвото со планетата Земја, со своите вредности и интереси. Затоа, може да се говори за безбедност на луѓето, државата, меѓународната и глобалната безбедност.

[34] Butorac, K., Solomun, D. Utemeljenost suvremene policijske znanosti i njen doprinos policijskoj praksi. Policija i sigurnost, 22(1), 2013, стр. 131-155

### 2.2.1. Безбедност на човекот

Безбедноста на човекот може да се анализира на ниво на поединец, општествени колективи и општеството. Фокусот на концептот „безбедност на поединецот“ (т.н. индивидуални, поединечни безбедности - individual security) е човекот – поединец.[35]

Безбедноста на поединецот е извесност за задоволувањето на неговите потреби, остварувања и заштита на личните, но и референтни вредности на останатите нивоа на анализа, како и чувството на личната сигурност. Накратко, тоа е состојба на личниот (физички, ментален и здравствен) интегритет и материјално-егзистенционален (имотен, економски исоцијален) статус на поединецот и на неговото семејство, односно заштитеност на „идентитетот и суверенитетот на поединецот“.[36]

Концептот на безбедноста на поединецот е очигледно детерминиран со човековите слободи и права, и тоа како основни граѓански и политички права, основни економски, социјални и културни права и правата на солидарност, така и меѓунардоните воени и хуманитарни права.

Следно ниво на безбедноста на човекот е попознат како концепт на човековата – хуманата безбедност (human security). Во неговиот фокус се поединците и колективите кои се изложени (пред сѐ на невоени) директни и индиректни закани кои потекнуваат од државните и недржавните актери.[37]

Попрецизно, човековата безбедност е „опстанок и дигнитет на човекот преку слободата од страв (насилство) и слобода од скратеност (сиромаштија)“, односно како „безбедност на луѓето од сите можни облици на загрозување, пред сѐ од закани по животот, здравјето, заработувањето, личната безбедност и човековото достоинство“.[38]

[35] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 68
[36] Клековски, С., Кржаловски, А., Саздовска, С. Јаковлеска, Г., Довербата во граѓанското опшество, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2008, стр. 132
[37] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 70
[38] Yuksel, Y., Tepe, F., Citizen satisfaction with police and community policing, European Scientific Journal, Vol.9, No14, 2013, стр. 5

Важни сфери на човековата безбедност се следните: економската ебзбедност, безбедноста на животната средина, здравствената безбедност, прехрамбената безбедност, образованието, социјалната сигурност, политичката и институционалната безбедност, како и личната и колективната ебзбедност.

Имено, концептот на општествената, односно т.н. социеталната безбедност (societal security) за објектите на заштита ги има општествените групи, односно човековите колективи кои го карактеризираат заедничкиот идентитет, вредностите и интересите. Критериумот за идентитетот не е само националната припадност, туку и верската, етничката, расната припадност, припадноста кон социјалните групи и слоеви, политичката ориентираност, географските критериуми (потекло, место на живеење) и слично, сексуалната ориентација на родовите и половите улоги.[39]

Значи, сцоциеталната безбедност претставува можност на општествата да опстанат и да го задржат својот суштински карактер под променливи услови и можни или постоечки закани. Станува збор за одржчивост на традиционалните видови на јазик, култура, облици на здружување, верските и националните идентитети и обичаи, а сè тоа во рамките на прифатливите услови за развој.

### 2.2.2. Национална безбедност

Безбедноста на државата (state security), односно концептот на национална безбедност (national security) припаѓа во таканаречените традиционални пристапи кон безбдноста. Во неговиот интерес, односно во неговиот центар се наоѓа опстанокот на суверената држава, односно нејзината територија и независност кои се штитат со воените капацитети и со способноста да се одврати воената агресија или на истата успешно да се одговори.[40]

[39] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 70-71

[40] Yuksel, Y., Tepe, F., Citizen satisfaction with police and community policing, European Scientific Journal, Vol.9, No14, 2013, стр. 5-6.

Прашањата за тоа што претставува националната безбедност и што е државна безбедност, изгледаат и звучат како мошне едноставни прашања. Сепак, сè повеќе во современиот свет националната и државната безбедност опфаќаат еден широк дијапазон на проблематики, задачи за решавање и цели. Секако, кога се зборува за национална се мисли исто така и на државна безбедност, односно двата поим се еквиваленти сами по себе, бидејќи во светот не постојат држави – нации (составени од една националност), туку држави во кои преовладува одредена националност што е честопати доминантна по број(не секогаш)и коегзистира заедно со една или повеќе различни националности во помала застапеност.[41]

Постојат повеќе дефиниции за национална безбедност, и во глобала ги дефинираат мерките што ги презема државата за да ја обезбеди својата безбедност и безбедноста на своите граѓани, а во најопшта смисла националната безбедност се дефинира како безбедност на политичкиот народ.[42] Со други зборови национална безбедност се однесува на самостојната држава која се грижи за заштита на независноста, територијалниот интегритет и суверенитет на државата.

Меѓутоа, на подлабоко ниво, постои многу посложено прашање што вклучува и разбирање на улогата на државата и до каде би можела да оди во дефинирањето и заштитувањето на своите национални интереси. Следниве дефиниции за национална безбедност се обидуваат да дадат во таа смисла подетален одговор на прашањето што е национална или државна безбедност.

Една од пообемните ја дефинира Националната безбедност како сложена интеракција на политички, економски, воени, идеолошки, правни, социјални и други надворешни и внатрешни општествени фактори, преку кои одредени држави со различни инструменти настојуваат да обезбедат „нормални“, односно прифатливи услови за зачувување на суверенитетот, територијалниот интегритет, физички опстанок на населението, политичка независност и можност за рамноправен, усогласен и брз општествено социјален развој.[43] Или пак според Амин Хањедс, се дефинира како дејност на националните држави

[41] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 71
[42] Grzold A., Medjunarodna sigurnost, Tiskara “Puljko”, Zagreb, 1988, стр. 234
[43] Nobilo, Pojam sigurnosti u terminologiji megjunarodnih odnosa,, Zagreb. 1988, стр 73.

кои во согласност на своите материјални можности во сегашноста и во иднината, имајќи ги предвид глобалните промени и развој, го штитат сопствениот идентитет, опстанок и интерес.[44]

Државата има право и должност да ги заштити своите граѓани но мора да внимава на рамнотежата помеѓу правата и должноста и секако помеѓу ресурсите и потребите. Од тука се подразбира дека треба да се знае кои се потребите, ресурсите, интересите на државата во политичка, економска, општествена смисла и во смисла на опкружувањето.

Постојат 5 групи на вредности кои се сметаат елементи на националната безбедност:[45]

- ✓ Опстанок на државата како политичка заедница, национален опстанок и физичко преживување на населението;
- ✓ Територијална целокупност како темелно право;
- ✓ Политичка самостојност како израз на меѓународниот субјективитет;
- ✓ Квалитет на животот;
- ✓ Флексибилност на целите на Националната безбедносна политика кон конкретните ситуации.

Осигурувањето на безбедноста на поединците и на општеството во современата цивилизација почнуваат да добиваат нова суштинска улога и значење.

Во минатото проблемите на националната безбедност се поистоветуваа со воените прашања, односно воените активности се сметаа за најважни и најбитни за националната безбедност а останатите беа занемарени.

Денес општествено - економските, политичките, културните, духовно - интелектуалните и еколошките, се повеќе добиваат на своето значење во сферата на националната и глобалната безбедност. Опкружувањето во кое што се наоѓаме станува се посложено и понесигурно со низа на традиционални и ново појавени закани. Започнува да се менува улогата на државата, на

[44] Hawedy A., Militarization and Security in the Middle East, Printer Pablishers, London, 1989, стр 16.
[45] Yuksel, Y., Tepe, F., Citizen satisfaction with police and community policing, European Scientific Journal, Vol.9, No14., 2013, стр. 10

меѓународната улога на државата, глобализацијата со своите процеси, појава на недржавните чинители, влијанието на организираниот криминал, на глобалните и локалните идентитети, асиметричните закани, глобалниот тероризам, соработката меѓу тероризмот и организираниот криминал, глобални крим мрежи итн.

Класичните извори на загрозување во голема мера се збогатени со нови и уште поопасни загрозувања: економски кризи, етнички судири, миграции, еколошки катастрофи, глобални климатски промени, терористички и криминални дејности и уништување на околината. Суштински променетите состојби и тенденции во сферата на заштитата на поединците и општеството во современата меѓународна заедница, неминовно ја наметнуваат и потребата за дефинирање на безбедноста.[46]

Државата е присилена да се приспособи и да изнајде нови начини да реагира на глобалните економски трендови што можат да и наштетат на нејзината безбедност или безбедноста на своите граѓани, особено ставање на акцент на невоените аспекти и механизми во безбедносните дејности. Но националната безбедност не може да се дефинира ако претходно не се детерминираат националните интереси. Современите држави своите национални цели и национални интереси ги определуваат и презентираат во нивните национални стратегии за национална безбедност.

### 2.2.3. Меѓународна безбедност

Кога безбедноста се однесува на глобалната меѓународна заедница, тогаш таа преставува меѓународна, односно светска безбедност. Во 17, 18 и 19 век можеме да зборуваме за „стратегијата на рамнотежа на силите“, како еден вид на меѓународна безбедност, но во вистинска смисла, таа своите корени ги има од периодот помеѓу двете светски војни, кога главно се дефинира како збир на национални безбедносни на државите во светот.

---

[46] Исто, стр. 10-11.

Ваквото дефинирање во денешниот свет не е прифатливо повеќе поради тоа што таа во себе ги содржи исклучиво националните безбедносни вредности на државите, а ги апстрахира општите безбедносни вредности на општеството. Станува збор всушност за состојба во меѓународните односи во која нема страв од меѓусебен напад и загрозување на темелните вредности на националната безбедност на секоја држава однадвор, а се со цел да се обезбеди состојба во која една држава нема да смета дека несигурноста на соседот значи и сопствена несигурност. Таа во современиот свет се дефинира веќе не само како обичен збир на национални безбедносни, туку и подразбира освојување на определени вредности како во меѓународните односи, така и во односите во самата држава.

Меѓународната безбедност е збир на мерки што го осигуруваат опстанокот на сите држави а со тоа и како предуслов за опстанок и развој на самата меѓународна заедница.[47]

Денес новите елементи и трендови во современиот свет, но и радикалните промени, компликациите во меѓународната заедница, процесите на интеграција и глобализација, воено – политичката ситуација, економската-индустриска поврзаност ја отежнуваат меѓународната безбедност, и ја наметнуваат потребата за неопходна соработка заради стекнување на заедничка корист.

Новиот меѓународен безбедносен феномен го карактеризираат четири клучни точки и тоа:[48]

- ✓ Економската зависност помеѓу државите;
- ✓ Пренос на моќта од државниот кон приватниот сектор;
- ✓ Лесно достапна воена технологија;
- ✓ Приоритетни прашања за светската глобална политика

[47] Hendrickson, D. and Karkoszka, A., 'The challenges of security sector reform': Armaments, Disarmament and International Security, SIPRI Yearbook, 2002, стр. 229-230
[48] Grzold A., Medjunarodna sigurnost, Tiskara "Puljko", Zagreb, 1988, стр. 214

Секако лесно е да се заклучи дека оптимален степен на развој на Меѓународната заедница ќе биде достигнат тогаш кога членките на меѓународната заедница ќе постигнат целосна согласност и ќе се воспостави правила на однесување во рамките на заедницата.

Денес меѓународната седница односно ООН со својот систем на колективна безбедност преставува важна алка во оваа сфера и влијае значително врз поединечните државни системи за безбедност, но и понатаму ООН, колективниот систем за безбедност сè уште е недоволно ефикасен и функционален. Сè уште за жал доминираат традиционалните елементи на одвраќање, заплашување и меѓусебно натпреварување со што се продуцираат кризни и неизвесни ситуации и одредени држави имаат корист на сметка на други. За да успешно функционира меѓународниот безбедносен систем потребно е висок степен на кооперација и координација и секако безусловна доверба помеѓу државите.[49]

Современите концепти на меѓународната безбедност почиваат на идејата за заедничка безбедност, односно на целисходноста на замена на конкурентноста нна државите, поради нивната сопствена национално-безбедносна пракса, со која се промовира безбедноста на сите држави. Безбедноста поефикасно се остварува во заедништво, отколку со сопствена моќ надвор од него. Прифаќањето на заедничката безбедност како организационен принцип во настојувањето за намалување на ризикот од војни, ограничувања во вооружувањето и разоружувањето, генерално, значат дека соработката ќе се замени со конфронтација во решавањето на конфликтот на интереси. За тоа не е потребно снемување на различностите на нациите. Целта е конфликтините ситуации да не прераснат во војна или во подготовка за војна. Оттука, нациите мораат да го сфатат значењето на светскиот мир и да му дадат поголем приоритет, отколку на одбраната на сопствените идеолошки или политички позиции.

[49] Исто, стр. 214-215

### 2.2.4. Глобална безбедност

Глобализацијата во современиот свет е проследена со заложбите да се глобализира безбедноста и очигледната глобализација на небезбедноста. Тоа го условило развојот на идејата за глобалната безбедност, со која се штитат глобалнбите човечки интереси.

Глобалната безбедност е безбедност на човештвото од сѐ подеструктивните предизвици, ризици и закани од планетарните димензии на кои се постојано изложени, а кои може да се надминат само со конструктивна соработка на државите кои националните интереси ќе ги подредат кон човечките – планетарните.

Станува збор за концепт кој не е до крај разработен, но кој ов центарот на својот интерес ги става потребите, вредностите и интересите на човештвото (т.н. светски интереси) преку синтезата на меѓународната безбедност и универзалното ниво на човековата безбедност, со посебен акцент на проблемите кои произлегуваат од современата економија, квалитетот на животот, животната средина и оружјето за масовно уништување.[50]

Значи, наспроти националната и меѓународната, интегралната и заедничката безбедност, глобалната безбедност како концепт произлегува од идеалистичките традиции и бара продлабочување и проширување на безбедносните содржини надвор од воените и политичките теми, односно овој нов концепт на безбедноста во себе ги вклучува и човековите права, еколошката заштита, економскиот просперитет и општествениот развој.[51]

Од особено значење за Глобалната безбедност е Комисијата за глобално управување (The Commission on Global Governance - CGG) која отворено предложи Глобалната безбедност да биде проширена над својот традиционален фокус и да ја вклучи безбедноста на луѓето и планетата.[52]

---

[50] Кековић, Зоран: Интегрална безбедност и пословно-безбедносни менаџмент, Зборник радова Факултета цивилне одбране, Београд, 2003, стр. 88

[51] Security Studies for the 21th Century, edited by Shultz H. Richard, Godson Roy, Quester H. George: Dulles, 1997, стр. 2

[52] Global Neighborhood, The Report of the Commission of Global Governance, New York, 1998, стр. 80

Односно, да произлезат индивидуалната безбедност и планетарната безбедност, првата ќе се грижи за безбедноста на човекот - поединците во секоја држава во светот и која што заштита се продолжува и надвор од заштитата во државните граници.. Додека Планетарната безбедност се грижи за безбедноста на планетата од планетарните опасности и проблеми, од големите еколошки катастрофи што загрозуваат и уништуваат цели еколошки Биосистем на планетата земја и се стреми да влијае на државните активности да бидат во рамките на прифатливите ризици и ограничувања кон нашата планета.

## 3. Современо одредување на националната безбедност

Националните и државните вредности и интереси се штитат од една широка лепеза на загрозувачки појави (денес, пред сѐ, од криминал, тероризам, внатрешни вооружени конфликти, еколошки и социјални закани, природни и техничко-технолошки несреќи), а не доминантно од вооружени агресии, политички, воени и економски притисоци или субверзивни дејности на други држави. Значајна сфера нна заштитната функција е превенцијата на загрозувачките појави (т.н. намалување на опасноста).[53]

Во заштитата на националната безбедност учествуваат субјекти од сите нивоа на безбедност: поединците, опшетството, државата, меѓународната заедница. Државите и понатаму се единствените кои ги имаат сите капацитети (човечки, материјално-технички и организациони) за заштита на сите нивоа на безбедност од најголем број на предизвици, ризици и закани.[54]

Националната безбедност е состојба на непречено остварување, развој, уживање и оптимална заштитеност на националните и државните вредности и интереси со кои се достигнува, одржува и унапредува функцијата безбедност на граѓаните, националниот систем на безбедност и наднационалните безбедносни механизми, како и отсуство (поединечно, групно и колективно) на страв од нивното загрозување, како и колективното чувство на спокојство,

[53] Hendrickson, D. and Karkoszka, A., 'The challenges of security sector reform': Armaments, Disarmament and International Security, SIPRI Yearbook, 2002, стр. 230-231

[54] Даскаловски, С., Создавање на нови воени сили како одговор на новите закани, Годишен зборник на Филозовски факултет, Скопје, 2007, стр. 56

известност и контрола над развојот на идните појави и настани кои се од големо значење за животот на општеството и државата.[55]

Според современите (проширени) сфаќања, националната безбедност е:[56]

- ✓ Одлика на самостојна и суверена држава која презема одговорност за сопствената безбедност, одговорност за глобалната безбедност, како и за безбедноста на својот народ, а се состои од безбедноста на националното окружување, заштитата на животот на луѓето, заштитата на личниот и другите интереси, заштита на човековите права и слободи, одбрана и воспоставување на националната безбедност, уредување на темелните функции на општеството и безбедноста на животната средина.
- ✓ Настојување националната држава да им обезбеди на сите членови во општеството безбедност од загрозување од надвор. Тоа е безбедност на политичкиот народ која подразбира безбедност на националната територија; заштита на животот на луѓето и нивниот имот; заштита и зачувување на националната сувереност; функционирање на основните дејности на општеството.
- ✓ Физички опстанок на една држава и нејзиното население заедно со основните атрибути за независност и постојан материјален просперитет на државата.
- ✓ Одредена состојба на безбедност во која не постои загрозување на основните вредности на кои се базира опстанокот, развојот и просперитетот на одредена национална заедница, како и правата на националните малцинства и етнички групи кои ги уживаат во одредена држава, признаени по меѓународни критериуми и норми.

Со синтагмата „државна безбедност“ се нагласува безбедноста на државата, што подразбира и безбедност на населението кое живее во рамките на нејзината територија и која е под нејзина сопственост.

---

[55] Savić, Andreja., Ivan Mašulović. Bezbjednosni menadžment. Bar: Facultet za poslovni menadžment, 2007, стр. 145

[56] Даскаловски, С., Создавање на нови воени сили како одговор на новите закани, Годишен зборник на Филозовски факултет, Скопје, 2007, стр. 43

Со синтагмата „национална безбедност“ се нагласува безбедноста на нацијата (народот, населението), што директно не ја исклучува и безбедноста на државата – глобални организации во рамките во кои нацијата егзистира. Значи, иако не се апсолутни синоними, бидејќи во етимолошка смисла обемите и содржините на поимите за национална безбедност и државна безбедност се разликуваат, помеѓу овие синтагми условно може да се стави знак за еднаквост. Генерално, со нив се обележува безбедноста на државата и општеството – населението кое живее во неа, а неретко и припадниците на нацијата која живее надвор од границите на домицилната држава.[57]

## 4. Загрозување на националната безбедност

Загрозувањата на општеството, односно загрозувањето на неговите витални функции и вредности се појавуваат уште со настанувањето на општеството. Во почетокот загрозувањата биле насочени директно кон опстанокот на општеството, а подоцна се појавувале и преку загрозувањата на општествено - економскиот и културен развој. Имено, не постои општество кое не било изложено на некој вид на загрозување, во прашање е само обликот и интензитетот на манифестација на загрозувањето.[58]

Со цел успешна одбрана од различните видови на загрозување неопходно е нивно дефинирање, групирање и објаснување, тргнувајќи од различни научни, теоретски, методолошки и практични стојалишта. Во кривично - правна смисла загрозувањето значи опасност, додека во социолошка смисла појавите на загрозувањата се поврзуваат со општествените судири и противопштествени (општествено негативни и штетни) однесувања и како такви можат однапред да бидат определени.

Согласно некои други размислувања, загрозувањата претставуваат процеси кои настануваат како продукт на спротивните интереси кои неможат да се остварат истовремено ниту пак може да се постигне компромис во ставовите за отстранување на причините на судирот, при што носителите на различните

[57] Savić, Andreja., Ivan Mašulović. Bezbjednosni menadžment. Bar: Facultet za poslovni menadžment, 2007, стр. 146
[58] Исто, стр. 146-147

интереси може да бидат субјекти внатре во самата држава или на некоја друга држава.[59]

Загрозувањето претставува секој вид општествена, природна и техничка опасност од поголем обем со која во голема мера се загрозуваат интегритетот, слободата, имотот и здравјето на луѓето како и територијалниот интегритет и суверенитет и уставниот поредок на правото на државата, нацијата или општествените групи и поединци.

Согласно со дадената дефиниција е предметот на загрозувањето, односно што е тоа што е загрозено како и предметот на заштита. Потребно е да се определат оние витални и важни општествени вредности кои треба да бидат заштитени (човечкиот живот, заштитата на човековите права и основни слободи, материјалните добра, општественото и државно уредување, суверенитетот, територијалниот интегритет, уставноста и сл.). Изворите на загрозување можат да се класифицираат во три основни групи:[60]

1. Општествени,
2. Природни и
3. Техничко-технолошки.

Во групата на општествени извори на загрозување можат да се вбројат:

1. Спротивност на интереси во сферата на националното, меѓудржавното, религиозното, професионалното и личното;
2. Општествената неусогласеност;
3. Културата;
4. Идеологијата;
5. Неусогласениот демографски развој;
6. Меѓународните односи и меѓународниот статус; и

---

[59] Бакревски, О., Триван, Д., Митевски, С., Корпорациски безбедносен систем. Комора на Република Македонија за обезбедување лица и имот, Скопје, 2012, стр. 158
[60] Даскаловски, С., Создавање на нови воени сили како одговор на новите закани, Годишен зборник на Филозовски факултет, Скопје, 2007, стр. 96

7. Политиката.[61]

Во групата на природни извори на загрозување можат да се вбројат: Климата, територијата и географската положба во една група, и Земјотресите, поплавите, лавините, вулканските ерупции, космичките зрачења и нарушувањето на природната и еколошка рамнотежа во друга група.[62]

Техничко-технолошките извори на загрозувања согласно различни критериуми се делат: Според директноста на јавувањето изворите на загрозување на посредни и непосредни; Според активноста на латентни и активни; Според константноста на постојани и повремени; Според времето на настанување на минати, сегашни и идни; Според потеклото се делат на: од земјата (внатрешни) и од странство (надворешни).[63]

Денес во советот не постои држава која помалку или повеќе не е изложена на определени облици на загрозување кои се генерирани од надвор или од внатре.

Изворите на загрозување на националната безбедност според местото на настанување на појавите или дејностите на загрозување се делат на: надворешни – организирани, насочени, контролирани и спроведувани од надвор и внатрешни – основните причини и носителите се наоѓаат внатре во матичната држава кон која е насочено нивното разорно дејство.[64]

Може да се констатира дека државата може да биде загрозена:[65]

- ✓ Со дејствување на организирани сили во самата држава;
- ✓ Со дејствување од надвор, од страна на други држави или организации и
- ✓ Со комбинирано дејствување на силите од надвор и од внатре

[61] Бакревски, О., Триван, Д., Митевски, С., Корпорациски безбедносен систем. Комора на Република Македонија за обезбедување лица и имот, Скопје, 2012, стр. 108
[62] Арнаудовски, Љ., Криминологија, 2-ри Август, Штип, 2007, стр. 86
[63] Butorac, K., Solomun, D., Utemeljenost suvremene policijske znanosti i njen doprinos policijskoj praksi. Policija i sigurnost, 22(1), 2013, стр. 131-155
[64] Бакревски, Оливер, Контрола на безбедносниот сектор, УКИМ, Филозофски факултет Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2012, стр. 108
[65] Арнаудовски, Љ., Криминологија, 2-ри Август, Штип, 2007, стр. 88.

Како и да е, не може да стане збор за чист облици на внатрешно или надворешно загрозување. Сите појави на загрозувања не претставуваат чист - класичен облик, туку станува збор за комбинација. Условно може да се дефинира и трет облик на загрозување – комбиниран (надворешно - внатрешен).

Изворите на загрозување на националната безбедност можат да се поделат и според начинот на нивното остварување, односно дали се користи вооружена сила за остварување на поставената цел - вооружени облици на загрозување и невооружени облици на загрозување на националната безбедност кога е исклучена грубата и масовната примена на сила за постигнување на целта. И овде е нема чист облик на загрозување туку комбинација од вооружен и невооружен облик.

Надворешни вооружени облици на загрозување: вооружена агресија, воена интервенција и пограничните вооружени судири. Во надворешни комбинирани облици на загрозување спаѓаат дејствија предизвикани од примената на доктрината со низок интензитет и државниот удар со надворешно мешање. Во надворешни невооружени облици на загрозување можат да се вбројат: неконвенционалните дејства и психолошко –пропагандните дејства кои што ги спроведуваат определени држави против нападнатата држава. Во внатрешни вооружени облици на загрозување спаѓаат: граѓанските конфликти, вооружените побуни и тероризмот од масовни размери.[66]

Во внатрешни комбинирани облици на загрозување може да се вброи државниот удар. Во внатрешни невооружени спаѓаат: разузнавачко - извидувачка дејност, психолошко - пропагандна дејност, шпионажата, саботажата, диверзиите, уфрлување на вооружени групи, разузнавачките демонстрации, екстремизмот, пројавување на граѓанска непослушност, техничко - технолошките акциденти, криминалот како и социо - патолошките појави. Со овие поделби не се исцрпуваат сите постоечки извори на загрозувања на националната безбедност на една држава. На глобален план егзистираат глобални закани кои ги загрозуваат виталните функции на меѓународната -глобална безбедност. Во глобални закани, односно фактори на

[66] Исто, стр. 89

глобалната безбедност можат да се утврдат: Меѓународниот - глобалниот организиран криминал; Меѓународниот тероризам; Ширење и контрола на оружјето за масовно уништување; Тираните; Еко –заканите; Верските секти и Нови глобални закани.[67]

Овие закани со својата распространетост и сериозност, во определени ситуации може да го манифестираат своето разорно дејство и врз националната безбедност на конкретните држави во современата меѓународна заедница.

[67] Исто, стр. 90.

# Глава 3. Контрола на безбедносниот сектор

## 1. Значење на контролата на безбедносниот сектор

Со цел за да може да се утврди значењето и важноста од спроведување на контрола врз безбедносниот сектор, од исклучително значење е најпрво да се идентификува самата потреба од користење на „контролата", која, набљудувана од страна на интелектуалните кругови претставува универзална менаџерска функција, чија што, примена може да се најде во сите сегменти на делување. Оваа функција често пати е набљудувана како негативна појава која укажува на пропусти, недостатоци, отстапки и т.н., но истата се набљудува и како неопходност за ефикасно извршување на поставените задачи.

Практично, целта на контролата на безбедносниот сектор (како дел на органите на државната управа) е двострана имајќи предвид дека од една страна со неа се обезбедува законитост и целисходност во работата и остварување на јавните интереси во рамките на правниот поредок, а од друга страна, со контролата на безбедносниот сектор се овозможува заштита на граѓаните и на нивните организации од противправни акции на одредени сегменти на безбедносниот сектор.

За постигнување на оваа цел, од големо значење е самиот безбедносен сектор да е широко отворен кон сите граѓани за да можат преку слободен пристап до информации (кои се од јавен карактер) да знаат и да се информираат за сите сегашни и идни планови кон кои се тежнее.[68]

Единствено, за безбедносен сектор за кој се смета дека е транспарентен, одговорен и ефикасно и ефективно менаџиран, може да се каже дека е исклучително важен дел од демократските процеси во една држава.

[68] Barry Buzan, Ole Waever and Jaap de Wilde, (1998), Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London.

Овде мора да се напомене дека и во контролата на безбедносниот сектор, покрај државата, односно државните институции, вклучени се и одредени организации од граѓанското општество, кои претставуваат важен механизам кој служи за поддршка при реализацијата на овие вредности, пред сé, преку артикулирање и пренесување на самите безбедносни потреби и интереси на населението до креаторите на политиките, но и преку можностите за спроведување на експертиза и набљудување на службите на државната безбедност.[69]

Државата изведува одредени функции во процесот на гарантирање оптимален степен на безбедност. Тоа го постигнува преку различни активности реализирани од бројни институции и агенции. Во рамките на безбедносниот сектор, различните институции и агенции ја изведуваат својата функција во тесна соработка и координација, според строга демократска, политичка и цивилна контрола.

Воспоставувањето систем на контрола на безбедносниот секторе којшто е воедно демократски и ефикасен, е еден од најтешките предизвици со кои се соочуваат современите држави. Создавањето систем на контрола на безбедносниот сектор ќе придонесе за избегнување на злоупотребите од примената на моќта како и за зајакнување на ефикасноста на сите делови на власта што учествуваат во овој процес.[70]

Значи, контролата е составен дел во работата на безбедносниот сектор, односно се што се работи мора да биде и контролирано. Едно од основните начела на функционирање на системот на национална безбедност воопшто, а во тие рамки и системот на национална одбрана, е неговиот континуитет и постојаност, што е основна причина за контрола како негова процесна функција. Целта на контролата на безбедносниот сектор во суштина е двострана. Од една страна, со неа се обезбедува законитост и целисходност за работата. Во безбедносниот сектор тоа се постигнува преку насочување на работата во согласност со законската регулатива, е почитување на одредени постапки во насока на запазување на законитоста итн.

[69] Bearne, S. ed all, (2005), National Security Decision-Making Structures and Security Sector Reform, The RAND Corporation

[70] Бакрески, О. Контрола на безбедносниот сектор, УКИМ, Филозофски факултет Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2012, стр. 70

За контролата како активност на утврдување, согледување и оцена на постигнувањата (квалитативни и квантитативни резултати), најчесто се говори дека е најмалку посакувана појава или активност која може да се случи во одредена институција за да се согледаат планските очекувања и какви се евентуалните отстапувања. Често таа се интерпретира како појава на наметнување, ограничување, лимитирање, ревидирање, утврдуваање пропусти и грешки итн. Ваквото поимање за контролата делумно се должи на самата дискрепанца која се јавува во делот на нашето убедување за демократијата и демократичноста на општеството наспроти присилата и принудата која е својствена за самата контрола.[71]

Секој контролен однос, па и оној контролно-правен, условно може да се подели на пет оврзани елементи: 1) вршител на контролата (контролор); 2) контролиран субјект (подведен на контрола); 3) предмет на контрола; 4) контролни овластувања (средства на контрола); 5) цел на контрола.[72]

По правило, контролата значи исто што и надзорот, но можно е и нијансирање на тоа значење. Така, не е погрешно да се каќе дека кај надзорот во споредба со контролата, тежиштето се става на постојаноста, односно на континуитетот, но сепак, и надзорот и контролата подразбираат субординација на нивните извршители. Двете појави имаат одреден предмет и вклучуваат влијание на надзорниот, контролниот орган на лицето врз кое се апроведува надзорот, односно контролата. Сепак, надзорот може да биде разгледуван како широк и траен процес. Во таа смисла, коннтролата е составен дел на надзорот. Таа претставува најважен и најсилен облик за извршителите на надзорот во споредба со оној врз чија активност се врши надзорот. Исто така, таа доведува и до најдлабок зафат во надзорната (контролираната) активност. Според ова гледиште, надзорот без контрола е можен и остварлив, но не е доволно ефикасен.[73]

---

[71] Саша Мијалковић, (2009), Национална безбедност, Криминалистичкополицијска академија, Београд
[72] Tomic, Z., Normativna polazista za civilnu kontrolu vojske I policije, Centar za civilno vojne odnose, Beograd, 2001, стр. 99
[73] Исто, стр. 100

## 2. Елементи на демократската цивилна контрола на безбедносниот сектор

Елементите на контрола на безбедносниот сектор имаат за цел да ги прикажат и да ги класифицираат на различни начини самите критериуми според кој се посочуваат инструментите на контролата, процесите и механизмите итн., како главна детерминанта во определувањето одредени аспекти коишто се однесуваат на основните елементи на контролата.

Имено, помеѓу најкритичните елементи на цивилна контрола може да се наведат следните:

- ✓ Прегледноста на средствата наменети на безбедносниот сектор е само номинална;
- ✓ Мора да постои зајакнување на надворешната контрола (што никако не значи поголем притисок врз вработените во безбедносниот сектор, туку додатно бранење на нивните права);
- ✓ Отвореност на овие институции до цивилното општество е сеуште минимална. Се добива впечаток дека некои работи се работат настрана од очите на јавноста и често се одбива помош, затоа што доаѓа од надвор.

Од друга страна пак, за најважни елементи за цивилната демократска контрола професорот Бакрески (2012) ги наведува следните:[74]

1. Јасно уставно и законско одредување на позицијата на системот на национална безбедност. Одредувањето на системот на национална безбедност е во целосна конзистентност и со уставните оредби во кој се содржани основни одредби кои се однесуваат на безбедноста и одбраната, кои се основа за создавање поширока законска рамка во која ќе бидат прецизирани местото и улогата на безбедносните институции. Исто така, одредувањето на системот на национална безбедност најчесто се прави во најважните стратегиски документи на секоја држава во која се одредува неговата положба, надлежностите, субјектите на системот на национална безбедност и дефинирање на статусот на

[74] Бакрески, О., Контрола на безбедносниот сектор, УКИМ, Филозофски факултет Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2012, стр. 74

тие субјекти внатре во рамките на системот, како и односите со другите субјекти кои имаат допирни точки со безбедноста.

2. Транспарентностна буџетот. Буџетот треба да биде подготвен во детали, приспособен и лоциран по носители на оној начин на кој полесно можат да се пресметуваат трошоците. Контролата треба да претставува основа за согледување на трошоците за тековната и за идната година. Ако некои трошоци не се реализираат, тие повторно не може да се буџетираат, освен ако тоа не го бараат програмите за идната година. Буџетот за безбедносниот сектор му се предлага на парламентот кој го донесува во вид на закон и подлежи на контрола и промени. За едно демократско општество важно е прашањето за транспарентноста на буџетот и транспарентноста на работењето на безбедносниот сектор.

3. Внатрешна контрола. Контролата може да се спроведе и во рамките на самата безбедносна институција (интерна, дисциплинска, или „хиерархиска“ контрола) со тоа што органите на интерната контроа не мора да се занимаваат исклучиво со прашањата за дисциплина во најтесна смисла, туку таа треба да се прошири и во доменот на оденсување на припадниците на безбедносните структури со граѓаните.

4. Отвореност на безбедносниот сектор спрема цивилното општество. Отвореноста на безбендосниот сектор спрема другите институции и цивилното општество не е задолжителна обврска која може да се пропише со некои стандарди, односно правила, туку таа мора да дојде како резултат на надоградувањето на новата перцепција за местото и улогата на системот на национална безбедност во општеството. Отвореноста на безбедносниот сектор спрема цивилното општество треба да е постојана и да ги изразува интересите на двете страни.

5. Зголемување на угледот на безбедносниот сектор и неговата деполитизација. Овој елемент е многу важна претпоставка за остварување на ефикасна цивилна контрола на безбедносниот дектор. Најважен предуслов за да постои успешна деполитизација на безбедносниот сектор е да се направи негова департизација. Тоа ќе овозможи безбедносниот сектор да се раководи на неговата професионалност во извршувањето на задачите, што ќе значи негово

извлекување од прегратките на политиката на која било политичка партија. Политичките партии не треба никогаш безбедносниот сектор да го употребуваат за свои партиски цели и не треба да очекуваат негова поддршка.

## 3. Видови контрола на безбедносниот сектор

Во литературата се сретнуваат повеќе поделби на контрола на безбедносниот сектор, и тоа:[75]

1. Демократска и недемократска контрола.

2. Техничка, политичка и правна контрола.

3. Вертикална и хоризонтална контрола.

4. Внатрешна и надворешна контрола.

5. Вонправна и правна контрола.

Секој актер или институција за надзор на наведнеите видфови на контрола има различна функција. Извршната власт ги контролира службите со тоа што им дава насоки, преку давање задачи и приоритети, како ресурси за нивно остварување. Понатаму, парламентот се грижи за надзорот, што е ограничен на општи прашања и овластувања за буџетот. Парламентот е повеќе реактивен во воспоставувањата на анкетни комисии заради истражување на скандали. Судството има задача да го следи користењето на специјалните овластувања (заедно со судењето на прекршоците). Граѓанското општество, тинк-тенковите (think-tank, група интелектуалци што редовно се среќаваат за да ги дискутираат и да ги анализираат важните прашања од определена област во која се стручни, заб. прев.) и граѓаните можат да го ограничуваат функционирањето на службите преку давање алтернативни гледишта (тинк-тенковите), откривање на скандали и кризи (медиумите) или преку вложување поплаки во врска со прекршоци (граѓаните).

[75] Tomic, Z., Normativna polazista za civilnu kontrolu vojske I policije, Centar za civilno vojne odnose, Beograd, 2001, стр. 209

Внатрешна контрола во самите служби преку легализирање на нивното функционирање со закон (донесен од парламентот), внатрешни насоки и стимулирање на професионален однос кон работата.

Извршната власт, која врши директна контрола, го определува буџетот и поставува општи насоки и приоритети за активностите на безбедносните и на разузнавачките служби.

Законодавната власт, која врши парламентарен надзор со носење закони што ги дефинираат и регулираат безбедносните и разузнавачките служби, вклучително и нивните специјални овластувања, како и со усвојување на соодветни буџетски мерки.

Судската власт, која ги набљудува специјалните овластувања на безбедносните и на разузнавачките служби и кривично ги гони злоупотребите на вработените во нив.

Невладините организации, медиумите, тинк-тенковите и истражувачките институти што го следат воспоставувањето и функционирањето на безбедносните и на разузнавачките служби, пред сѐ врз основа на јавни извори. Поединечно граѓаните можат да го ограничат користењето на специјалните овластувања на безбедносните и на разузнавачките служби преку посебни трибунали, независни омбудсмани или комесари/генерални инспектори, како и преку домашни и меѓународни судови.

На меѓународно ниво не постои надзор над безбедносните и разузнавачките служби, иако Европскиот суд за човековите права (ЕЦХР), работејќи во рамките на Европската конвенција за човековите права, може да прима петиции од поединци во врска со постапки на владини тела речиси во сите европски држави.

Дополнително, бидејќи демократскиот надзор над разузнавачките служби вклучува и однесување на другите актери вклучени во него, овде станува збор и за политичка култура. Столбовите на демократската отчетност, како што се транспарентноста, одговорноста, отчетноста, учеството и излегувањето во пресрет на потребите на луѓето, подразбираат култура и определено однесување што оди подалеку од законите и другите правни норми. Сепак,

законите треба да дадат една рамка што поттикнува култура на отвореност и почит за човекови права.

## 4. Компоненти на безбедносниот сектор

### 4.1. Армијата како дел од безбедносниот сектор

Значајна компонента на безбедносниот сектор е Армијата на Република Македонија. Таа претставува вооружена сила на сите граѓани и која располага со постојан и резервен состав. Во суштина Армијата за да би можела да ја остварува функцијата на одбрана постојано и целесообразно се организира, подготвува и оспособува за вооружена борба и борбени и други дејствија. Од организациски аспект Армијата се состои од единици, команди, штабови и установи чија што големина, структура, број, состав и намена се определува во зависност од организацијата и формацијата на самата армија.[76]

Воената безбедносно – разузнавачка служба на АРМ врши разузнавачки, контраразузнавачки и безбедносни активности за потребите на политичките и воените органи во државата.

Главната цел и мисија на оваа служба подразбира собирање, анализа и активности насочени кон зачувување на територијалниот интегритет на Р. Македонија, во согласност со Уставот и останатите закони и самата концепција за одбрана на државата.

Разузнавањето се состои од планирање, организирање и спроведување разузнавачка поддршка за потребите на ГШ на АРМ, кои се клучни при донесувањето на одлуки поврзани со делувањето на Армијата на РМ во акции во, и надвор од границите на државата.

Контраразузнавањето воглавно е насочено кон активности за откривање и спречување на делувањето на сите разузнавачки и секакви останати субверзивни активности, изведени од страна на странски воено – разузнавачки служби, а насочени против безбедноста на Македонија.

[76] Глигороска М., Корпоративна безбедност и државниот безбедносен систем, Факултет за детективи и криминалистика, Европски универзитет - Република Македонија, Скопје, 2017, стр. 201

Безбедносниот дел ги вклучува пред се координацијата и безбедносните проверки и контроли.

Со Армијата командува Претседателот на државата кој е нејзин врховен командант. Меѓутоа претседателот командувањето со Армијата го остварува преку министерот за одбрана со што се овозможува од една страна еден вид на контрола над управувањето над Армијата помеѓу овие две институции на извршната власт, а пак од друга страна доколку не постои добра соработка и координација помеѓу нив може да дојде до одредени проблеми поврзани со нефикасно и неефективно командување и функционирање на организационите единици на Армијата.[77]

Некои од надлежностите на Генералштабот се:[78]

- ✓ го спроведува годишниот финансиски план за потребите на Армијата одобрен од министерството за одбрана и ја следи ефикасноста и наменската реализација на средствата согласно со прописите донесени од министерот за одбрана;
- ✓ ја следи борбената готовност на Армијата и превзема мерки за нејзино подобрување;
- ✓ го организира и следи спроведувањето на мерките за готовност на Армијата и превзема мерки за нивно извршување;
- ✓ извршува мобилизација на Армијата;
- ✓ изведува вежбовни и други активности за оспособување на Армијата во согласност со годишниот план;
- ✓ спроведува логистичка поддршка на Армијата;
- ✓ спроведува персонален менаџмент во Армијата во согласност со кадровската политика на министерството за одбрана;
- ✓ организира и спроведува разузнавање и контраразузнавање во Армијата;
- ✓ врши уредување на територијата за потребите на Армијата;

[77] http://www.arm.mil.mk/
[78] http://www.arm.mil.mk/generalshtab/

- ✓ во согласност со планот на министерството за одбрана остварува соработка со странски армии;
- ✓ донесува стручни правила и упатства што се однесуваат на употребата на единиците на Армијата, внатрешниот ред и односите во вршењето на службата во Армијата и другите стручни правила и упатства од значење за работата во Армијата; итн.

Од аспект на тоа дека разузнавачките и контраразузнавачките служби и тела во еден безбедносен систем се оние кои секојдневно и најнепосредно се вклучени во напорите за намалување на ризиците кои се закануваат на безбедноста на државата и граѓаните од посебен интерес за поширока елаборација кога станува збор за безбедносниот систем на Република Македонија е токму секцијата Г-2- Воено разузнавање и контраразузнавање при Генералштабот на Армијата на Република Македонија. Оваа секција значи е носител на воениот елемент на разузнавањето и контраразузнавањето при безбедносната и одбрамбена функција на државата при што во суштина претставува надврзувачки елемент на цивилното разузнавање и контраразузнавање чии носители се Агенцијата за разузнавање и Управата за контраразузнавање и безбедност.

## 4.2. Полицијата како дел од безбедносниот сектор

Министерството за внатрешни работи има законска надлежност за одржување на јавниот ред и поредок и истото се грижи да ги превенира и елиминира сите оние ризици кои се закануваат на пропишаните уставни вредности и интереси на државата. Надлежностите и овластувањата на Министерството воглано се уредени со Законот за полиција и Законот за внатрешни работи, но овде не треба да се заборави да се спомене секако и Законот за кривична постапка иако тој не содржи одредени норми од безбедносен карактер со кои се уредува фунционирањето и организацијата на министерството туку тој содржи кривично-процесни овластувања и надлежности кои ги имаат припадниците на

ова министерство. Според Законот за внатрешни работи по поимот "внатрешни работи" се подразбира следново:[79]

- ✓ остварување на системот на јавна и државна безбедност;
- ✓ спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македоија;
- ✓ заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- ✓ спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост;
- ✓ спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и превземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- ✓ граѓански работи; и
- ✓ други работи утврдени со овој и посебен закон.

Во однос на организационата поставеност на Министерството можеме да кажеме дека неговата структура се состои од:[80]

- ✓ организациони единици за потребите на Министерството;
- ✓ органи во состав на Министерството.

Организационите единици за потребите на Министерството извршуваат задачи и задолженија кои се неопходни за целото Министерство и тие се делат на:[81]

- ✓ организациони единици кои вршат стручни работи; и
- ✓ организациони единици кои вршат граѓански работи;

Овие организациони единици се надлежни за вршење на стручни и граѓански работи што се однесуваат на правни работи, управување со човечки ресурси, обука, финансиски, материјално-технички и логистички работи, Европската

[79] Закон за внатрешни работи, Службен весник на РМ, бр. 42/2014
[80] Дојчиновска, Р. Основи на превентивно полициско работење, Отсек за превенција и ПСОН-СВР Скопје, 2013, стр. 122
[81] Исто, стр. 122-123

унија, меѓународни односи и соработка, внатрешна ревизија, односи со јавноста, управни работи во врска со граѓански работи од областа на државјанството, матичниот број, личното име, патните исправи за државјаните на Република Македонија, живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, личните карти, возачките и сообраќајните дозволи, управни работи во врска со издавање на одобрение и дозволи за оружје, делови од оружје и муниција, како и прашања во врска со регулирање на промет на оружје, муниција, експлозивни и опасни материи, прекршочни работи во надлежност на Министрeството, азил, аналитички работи, работи од областа на информатиката и телекомуникациите, како и други работи и задачи.[82]

Органи во состав на министерството се наоѓаат бирото за јавна безбедност и управата за безбедност и контраразузнавање.

## 4.3. Разузнавачките служби како дел од безбедносниот сектор

Безбедносните и разузнавачките служби имаат важна функција во демократските општества во заштитата на националната безбедност и слободниот поредок на една демократска држава. Бидејќи тие служби работат прикриено и природата на нивните задачи бара од нив да ги исполнуваат своите обврски во тајност, тие не се во сообразност со принципите на отвореното општество. Токму поради овој парадокс (одбрана на општеството со тајни средства), безбедносните и разузнавачките служби треба да се предмет на демократска отчетност и на граѓанска контрола.[83]

Македонските безбедносно-разузнавачки служби не претрпеа некои поголеми организациски промени од раните 1990ти па наваму, иако беа направени неколку измени непосредно по прогласувањето независност во 1991 година и по вооружениот конфликт во 2001 година. Оваа стагнација е спротивна на заканите и предизвиците за македонската национална безбедност кои значително се зголемија во текот на изминатите дваесет години. Во последните документи за одбрана и безбедност како најнови ризици се посочени кибер

[82] Закон за внатрешни работи, Службен весник на РМ, бр. 42/2014
[83] Клековски, С., Кржаловски, А., Саздовска, С. Јаковлеска, Г., Довербата во граѓанското општество, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2008, стр. 24

војувањето, опасностите за животната средина, оружјето за масовно уништување и религиозната радикализација.[84]

Како одговор на ова, С. Македонија од неодамна се обидува да пронајде противмерки со кои ќе се доведат во рамнотежа ефективното зачувување на националната безбедност, зголемената одговорност на Владата и почитувањето на демократските норми. Најверојатно, најголемиот предизвик се наметнува со прашањето како да се најде решение за сè побројните и поразновидни закани за безбедноста, а истовремено да се обезбеди соодветен надзор над безбедносно-разузнавачките служби. Северна Македонија сè уште ја зацврстува својата демократија, па затоа често бара модели на најдобри практики кои истовремено опфаќаат ефективност од една и надзор на граѓанското општество врз безбедносно-разузнавачките служби од друга страна. Меѓутоа, од независноста во 1991 година па сè до денес, земјата се бори да воспостави соодветна рамнотежа во оваа област.

Во почетокот на 2000-те, повторно се разгореа критиките од јавноста за безбедносно-разузнавачките служби — директно предизвикани од војната на Косово во 1999 година и придружната бегалска криза; вооружениот конфликт во нашата држава; и неколкуте домашни контроверзни настани, од кои најистакната беше аферата за прислушување „Големо уво“. Освен расправите околу ефективноста на безбедносно-разузнавачките служби, јавноста го стави под знак прашалник и квалитетот на нивната работа во однос на процесот на одлучување, како и во колкава мера Владата врши соодветен надзор над службите.

Расправата откри неколку суштински недостатоци во системот, особено недостиг од протек на информации и слаб квалитет на веќе доставените информации. Наместо да се подобри квалитетот на информациите со диверзификација на изворите преку поделба на работните задачи меѓу трите разузнавачки служби кои беа ставени под различна надлежност, се дојде до поларизација на службите и слаба меѓусебна соработка. Во 2003 година вработен во Агенцијата за разузнавање ја илустрираше ситуацијата со коментар

[84] Клековски, С., Кржаловски, А., Саздовска, С. Јаковлеска, Г., Довербата во граѓанското општество, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2008, стр. 24

во јавноста дека Агенцијата за разузнавање и УБК „воопшто не комуницираат”.[85]

Како резултат на овие процеси, во разузнавањето, направени се крупни и чекори. Во државата, донесен е нов Закон за Агенција за национална безбедност (АНБ), со кој, практично и престанува да важи стариот закон за УБК. Во основа со законот се уредува основањето, целта, надлежноста, раководењето и внатрешната организација на Агенцијата за национална безбедност, начинот на работа на Агенцијата за национална безбедност, условите и постапката за спроведување на мерките за тајно собирање на податоци и информации, евиденцијата на податоци и информации и нивното користење, контролата и надзорот на Агенцијата за национална безбедност, меѓународната соработка, финансирањето, транспарентноста на работењето на Агенцијата за национална безбедност, како и правата и обврските на работниците на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија.

## 4.4. Контрола на работата на македонската разузнавачко-безбедносна заедница

Секторот на разузнавање е последната граница во процесот на демократизација и реформа на безбедносниот сектор. Како што покажале многу етаблирани демократии, демократското управување и владеењето на правото стигаат до секторот на разузнавање многу подоцна откако ќе бидат цврсто воспоставени во другите области на државата. Во голем број на етаблирани демократии растежот на системи за надзор над разузнавањето следел иста насока: одредени активности на службите за разузнавање и безбедност генерирале грижи околу прекршување на легитимните демократски процеси и користењето на правата и основните слободи, што предизвикало време на истраги и самосвесност, а како резултат на тоа биле создадени нови механизми за надзор.

[85] Исто, стр. 25

Надзор е широк термин кој вклучува проверка пред настанот (ex ante), тековен мониторинг, и ревизија по настанот (ex post), како и евалуација и истражување. Се спроведува од раководителите во разузнавачките служби, од извршни службеници, од членови на судството и пратеници, независни правобранителски институции, ревизорски институции, специјализирани надзорни тела, новинари и членови награѓанското општество.

Надзорот треба да се разликува од контролата бидејќи вториот термин (како и менаџмент/раководство) имплицира моќ за насочување на политиките и активностите на организацијата. Заради тоа, контролата вообичаено се поврзува со извршната гранка на владата, а особено со вишото раководство на разузнавачките служби. Еден пример за контрола, во контраст на надзорот, е издавањето на извршна наредба со која се бара од разузнавачките служби да усвојат нов приоритет како контратероризам. Меѓутоа, читателите треба да бидат свесни дека не секоја власт прави јасна разлика меѓу надзорот и контролата. Поради оваа причина, некои институции опишани во овие алатки како надзорни тела можат исто така да имаат и одреден број одговорности за спроведување на контрола.

Главната цел на надзорот е да се држат разузнавачките служби одговорни за нивните политики и активности во поглед на законитоста, пристојноста, ефективноста и ефикасноста. Процесот со кој еден надзорен орган ја повикува разузнавачката служба на одговорност вообичаено има три јасно поделени фази:[86]

1. Надзорниот орган собира информации за разузнавачката служба.

2. Врз основа на овие првични информации, надзорниот орган започнува дијалог со разузнавачката служба.

3. Надзорниот орган издава наоди и препораки.

Поради тоа, за да може ефективно да функционира, надзорниот орган мора да ја поседува способноста да пристапи до релевантните информации, да ги испрашува службениците во службите за разузнавање и да издава наоди и

[86] Ханс Б., Ејдан В., Надзор над службите за разузнавање Прирачник, ДЦАФ, Скопје, 2012, стр. 18

препораки врз основа на тоа што ќе го открие. Без тие три овластувања не може да постои вистинска одговорност и надзорот над разузнавањето најверојатно нема да успее.

Надзорот може да ги вклучува не само пристојноста и законитоста на активностите на една служба, туку и ефективноста и ефикасноста на таа служба. Во овој контекст, *пристојност* се однесува на тоа дали активностите на една разузнавачка служба се морално оправдани, а *законитост* се однесува на тоа дали тие активности се во согласност со правото на сила. *Ефективноста* го мери опсегот до кој службата ги реализира своите цели, додека *ефикасноста* мери колку економично една служба се стреми кон тие цели. Во некои држави, надзорните органи над разузнавањето работат исклучиво на законитоста (на пример Комитетот за ревизија на разузнавачките и безбедносните служби на Холандија); во други држави, законот ги овластува надзорните органи исклучиво да се фокусираат на ефективноста и ефикасноста (на пример Комитетот за разузнавање и безбедност во Обединетото Кралство).

Денес, контролата на работата на разузнавачките служби е еден од најтешките предизвици со кои се соочуваат државите, вклучувајќи ја и Република Македонија. Во основа, контролата на разузнавачките служби во нашата држава треба да биде споделена одговорност на извршната, законодавната и судската власт. Оттука, има потреба да се воспостави рамнотежа меѓу овие елементи на власта за да имаме ефикасен надзор на работата на разузнавачката заедница во Република Македонија.

Контролата на извршувањето на разузнавачките работи треба да биде еден од клучните фактори на обезбедувањето механизми за следење на законитоста во работењето.[87]

Значи, Собранието на Република Македонија е задолжено да врши контрола на работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање преку Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање (претходно), а денес Агенција за национална безбедност (АНБ) и Агенцијата за разузнавање, која за извршената работа го известува Собранието најмалку еднаш годишно. Од аспект на контролата,

[87] Закон за Агенцијата за разузнавање, „Службен весник на РМ“, бр. 19/95, чл. 9, 20 и 11.

особено е важна законската обврска на директорите на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање да овозможат увид и да ги дадат сите извештаи и податоци на располагање на Комисијата. Заклучоците кои произлегуваат од извештајот на Комисијата, Собранието ги проследува до претседателот на Републиката и до Владата.

Пред донесувањето на новиот Закон за Агенција за национална безбедност, Собраниската Комисија за надзор над работата на Агенција за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање во основа ги разгледува прашањата кои се однесуваат на: почитување на правата и слободите утврдени со Уставот и законите од страна на Агенција за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица; на законитоста во спроведување на овластувањата на Агенција за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно од човековите права утврдени со закон; на методите и средствата што ги користат Агенција за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти; на материјална, кадровска и техничка опременост на Агенција за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање; и на други прашања што се однесуваат на Агенција за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.[88]

Имено, како што беше и прехтодно споменто, Управата за безбедност и контраразузнавање замина во историјата. На нејзино место беше формирана Агенцијата за национална безбедност, која според новиот Закон, нема повеќе да биде дел од Министерството за внатрешни работи.

Од МВР велат дека оваа долгоочекувана реформа на безбедносно-разузнавачкиот сектор ќе ја спречи злоупотребата на системот за следење на комуникациите и ќе придонесе за подобрување на граѓанските права. Со формирањето на ваков тип владино тело, нема да има само една агенција која ќе ги поседува сите информации, како што тоа беше до сега.

---

[88] http://sobranie.mk/?ItemID=088C90AB05DB0842B173F0D7F14D6C0C

Практично, новоформираната Агенција за национална безбедност ќе фунционира со целосна автономија во истрагите. Ќе овозможи деконцентрација на моќта на разузнавачките служби во земјава, а ќе работи со јасен мандат – контраразузнавање, контратероризам и заштита на уставниот поредок на државава и спречување на повисоки форми на организиран криминал.

Кадровски – Агенцијата ќе ја раководи директор кој ќе биде избран од Владата, на предлог од премиерот. Тоа, нема да биде никаква причина за неговата независност во работата, бидејќи со новата реформа предвидени се силни механизми за контрола врз следењето на комуникациите и разузнавачките методи.

За доекипирање на Агенцијата ќе се формира Комисија за селекција, која ќе има задача да создаде профил на работните места и профил на вработените кои треба да бидат ангажирани во службата. Вработените нема да имаат полициски овластувања, туку само оперативно ќе собираат информации кои нема да имаат доказна вредност. Истрагите потоа би продолжиле со доставување на разузнавачките информации до правосудната полиција, а за сите истраги ќе биде запознаен јавниот обвинител и Врховниот суд.

Законот за формирање на Агенцијата за национална безбедност беше во собраниска процедура и беше донесен со двотретинско мнозинство. Новоформираното владино тело започна со работа од 1-ви јуни 2019 година.[89]

Заради заштита на националната безбедност на државата, односно заради заштита на независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и други работи од интерес на националната безбедност на државата, се основа Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија.

[89] Службен весник на РСМ, бр. 108 од 28.5.2019 година

Агенцијата се основа како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Агенцијата своите работи ги врши во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Агенцијата во вршењето на работите од законски утврдената надлежност постапува независно и без влијание од политичките партии.

Агенцијата има надлежност да собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации со цел откривање и спречување на активности што се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата и тоа: шпионажа, тероризам и негово финансирање, насилен екстремизам, сите форми на сериозни и организирани криминални активности насочени против државата, спречување на кривични дела против човечноста и меѓународното право, незаконито производство и пролиферација на оружје за масовно уништување или нивни компоненти, како и материјали и уреди кои се потребни за нивно производство, нарушување на виталните економски интереси и финансиската безбедност на државата, нарушување на безбедноста на носители на високи државни функции и на објекти од стратешко значење за државата, откривање и спречување на други активности поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата. Агенцијата врши и безбедносни проверки во согласност со овој и друг закон.

# Дел II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Популација и примерок

За потребите на истражувањето, наменски, беше изготвенен еден анкетен прашалник наменет за граѓаните во Скопје, Велес, Тетово, Штип, Струмица и Охрид.

Истиот им беше дистрибуиран преку софтверскаа алатка MonkeySurvey, а иницијатори беа невладините организации во наведените градови, кои помогнаа при поттикнувањето на граѓаните да земат учество во истражувањето.

Во истражувањето беше планирано да бидат опфатени вкупно 308 испитаници, но на прашалникот одговорија само 216. Истражувањето се спроведе во месец јануари 2020 година.

Анкетниот прашалник е од затворен тип и содржи 20 адаптирани прашања, односно тврдења (искази), на кој испитаниците имаа можност да одберат едно од трите понудени опции за одговор (А = НЕ, Б = ДЕЛУМНО и В = ДА).

Но, на самиот почеток се дадени демографските податоци. Демографски податоци вклучуваа пол на испитаниците, возраст на испитаниците, нивен степен на образование, етничка припадност и место на живеење.

Демографските податоци на испитаниците се следните:

### 1. Пол на испитаниците

М – 128

Ж – 88

Според полот на испитаниците, од вкупно 216 испитаници, 128 се мажи или 59%, додека пак, 88 или 41% од нив се жени. На графиконот во продолжение, навденото е прикажано и графички.




Пол на испитаниците

**2. Возраст**

Помалку од 20 години - 14

Од 21 до 30 години - 62

Од 31 до 40 години - 66

Од 41 до 50 години - 50

Повеќе од 51 година - 24




Возраст на испитаниците

Според возраста на испитаниците, помалку од 20 години се 14 испитаници или 6%, од 21 до 30 години се 62 испитаници или 29%, од 31 до 40 години се вкупно 66 испитаници или 31%, од 41 до 50 години се 50 испитаници или 23%, додека пак, повеќе од 51 година се 24 испитаници или 11%.

## 3. Образование

Без образование - 12

Основно образование - 29

Средно образование - 68

Високо образование - 91

М-р/Д-р на науки - 16




Образование на испитаниците

Според нивото на образование, без образование, се изјасниле дека се 12 испитаници или 6%, со основно образование се 29 испитаници или 14%, со средно образование се 68 или 28%, со високо образование се 91 испитаник или 44%, а магистри или доктори на науки се вкупно 16 испитаници од вкупно 216, односно 8% од вкупниот број опфатени во истражувањето.

## 4. Етничка припадност

Македонска - 119

Албанска - 41

Ромска - 22

Турска - 12

Друго - 22




Етничка припадност на испитаниците

Според добиените одговори, од вкупно 216 испитаници, од македонската етничка припадност се 119 или 52%, од албанската етничка припадност се изјасниле дека се 41 испитаник или 20%, од ромската етничка припадност се вкупно 22 испитаници или 11%, од турската етничка припадност се изјасниле дека се 12 испитаници или 6%, а со „останато“ одговориле 22 испитаници или 11% од вкупниот број опфатени во истражувањето.

## 5. Место на живеење

Скопје – 61

Велес – 21

Тетово – 25

Штип – 28

Струмица – 40

Охрид - 41




Место на живеење на испитаниците

Според местото на живеење, најголемиот број од испитаниците се од Скопје, односно 61 или 26%, од Велес се 21 испитаник или 10%, од Тетово се вкупно 25 испитаници или 12%, од Штип се 28 испитаници или 13%, од Струмица се 40 испитаници или 19%, додека пак, од Охрид се вкупно 41 испитаник или 20% од вкупниот нрој кој изнесуваше 216.

Во продолжение се претставени резултатите добиени од испитаниците, односно од 216-те испитаници, кои беа вклучени во истражувањето на ставовите поврзани со безбедносниот сектор, односно со безбедносните служби во Република Северна Македонија и со нивната поединечна улога во зачувувањето на безбедноста на државата, а со тоа и на безбедноста на граѓаните.

## 2. Резултати од истражувањето и анализа

Истражувањето, како што беше веќе споменато, беше реализирано со помош на невладини организации кои дејствуваат во Скопје, Тетово, Велес, Штип, Струмица и Охрид, преку софтверската алатка MonkeySurvey.

Иако првично беше планирано во истражувањето да учествуваат повеќе од 300 испитаници, но до завршувањето на собирањето на податоци, на истиот одговорија вкупно 216 испитаници.

Прашалникот, содржеше вкупно 20 искази, односно тврдења. Истите беа од затворен тип и прашалникот беше анонимен со цел да се соберат колку што е можно поверодостојни податоци. Податоците кои беа добиени при истражувањето беа анализирани и заклучоците беа сумирани.

Со спроведувањето на ова истражување, потребно е да се потврдат посебните хипотези на овој труд и да се утврди какви се ставовите на граѓаните за остварувањето контрола на безбедносниот сектор не Република С. Македонија преку разузнавачко-безбедносната заедница во Република С. Македонија, или попрецизно, дали истите се позитивни или негативни.

Прашањата што следат се составен дел од анкетниот прашалник кој содржи вкупно 20 прашања (тврдења). За спроведеното истражување за развивање на инструменти се користеше скалирање со скала на ставови од Ликертов тип.

Во скалирањето, кај првиот прашалник се поставени 3 можни ставови од: 1 (А) - не; 2 (Б) – делумно; и 3 (В) - да. Резултатите се презентирани во една табела, со изведен просек на ставовите добиени од страна на испитаниците, за подоцна

секој од ставовите, односно тврдењата да биде претставен процентуално со соодветен графикон.

На испитаниците претходно им беше дадено до знаење дека прашалникот е анонимен и ќе се користи во магистерски студии за научно истражување на тема „Контрола на безбедносниот сектор низ призмата на македонските граѓани“. Одговорите на прашалникот се доверливи и ќе бидат употребени само во научни цели за извлекување на генерални заклучоци, без презентирање на поединечни одговори.

**Прашалник за контрола на безбедносниот сектор низ призмата на македонските граѓани**

| Ред.бр. | **Прашање/тврдење** | **1** | **2** | **3** | **Просек** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали безбедносната состојба во Република Македонија би ја процениле како стабилна? | 18 | 12 | 186 | **2,77** |
| 2 | Дали се чувствувате безбедни при извршувањето на секојдневните (рутински) задачи во Вашиот живот, во Вашето место на живеење? | 22 | 36 | 158 | **2,62** |
| 3 | Дали сметате дека постојат одредени закани по безбедноста на граѓаните или на државата? | 24 | 30 | 162 | **2,64** |
| 4 | Дали сметате дека безбедносниот сектор во државата има голема одогворност за зачувувањето на безбедноста на граѓаните? | 20 | 38 | 158 | **2,64** |
| 5 | Дали сметате дека безбедносниот сектор соодветно ја извршува својата задача за зачувување на безбедноста на државата и на граѓаните кои живеат во неа? | 30 | 18 | 168 | **2,64** |
| 6 | Дали вашата доверба во безбедносните служби во државата би ја оцениле со висока оцена? | 82 | 44 | 90 | **2,04** |
| 7 | Дали сметате дека Вие, како граѓанин, сте доволно информирани за работата и активностите на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија? | 44 | 18 | 154 | **2,51** |
| 8 | Дали сметате дека контролата на безбедносниот сектор е на високо ниво? | 38 | 22 | 156 | **2,59** |
| 9 | Дали сметате дека Армијата на Република Македонија е на ниво на задачата во контролата на безбедносниот сектор во државата? | 64 | 42 | 112 | **2,40** |
| 10 | Дали сметате дека Полициските служби во Република Северна Македонија е на ниво на задачата во контролата на безбедносниот сектор во државата? | 26 | 50 | 140 | **2,52** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Дали досега сте слушнале за постоењето на Бирото за јавна безбедност? | 28 | 24 | 164 | **2,63** |
| 12 | Дали сте запознаени со местото и улогата на Бирото за јавна безбедност во безбедносниот сектор на државата? | 22 | 18 | 176 | **2,71** |
| 13 | Дали досега сте слушнале за постоењето на Агенцијата за национална безбедност? | 32 | 42 | 142 | **2,51** |
| 14 | Дали сте запознаени со местото и улогата на Агенцијата за национална безбедност во безбедносниот сектор на државата? | 18 | 16 | 162 | **2,48** |
| 15 | Дали досега сте слушнале за постоењето на Агенцијата за разузнавање? | 20 | 22 | 174 | **2,71** |
| 16 | Дали сте запознаени со местото и улогата на Агенцијата за разузнавање во безбедносниот сектор во државата? | 16 | 24 | 176 | **2,74** |
| 17 | Сметам дека преку Бирото за јавна безбедност државата остварува соодветна контрола во безбедносниот сектор. | 12 | 22 | 182 | **2,78** |
| 18 | Сметам дека преку Агенцијата за национална безбедност остварува соодветна контрола во безбедносниот сектор. | 20 | 48 | 148 | **2,59** |
| 19 | Сметам дека преку Агенцијата за разузнавање државата остварува соодветна контрола во безбедносниот сектор. | 36 | 48 | 132 | **2,44** |
| 20 | Дали, генерално, работата на безбедносниот сектор и контролата на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија би ја оцениле позитивно? | 32 | 46 | 138 | **2,49** |

Првиот исказ, кој е адаптиран и поставен за истражувачката популација гласи: ***Дали безбедносната состојба во Република Северна Македонија би ја процениле како стабилна?*** На овој исказ од 216 испитаници во истражуваната популација и добиени се следниве резултати:

А) НЕ одговориле 18 испитаници, што претставува 8% од испитаниците,

Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 6% од испитаниците и

В) ДА одговориле 186 испитаници, што претставува 86% од испитаниците.

Табеларен приказ на добиените одговори има на табела број 3/1.

Табела бр. 1 – Одговори на прашање бр. 1

